Република Северна Македонија
Државен завод за статистика

МАКСТАТ

# МЕТОДОЛОГИЈА

**ЗА ПОДГОТОВКА, ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОПИСОТ НА НАСЕЛЕНИЕТО, ДОМАЌИНСТВАТА И СТАНОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, 2021 ГОДИНА**

**Февруари, 2021 година**

# ПРЕДГОВОР

Врз основа на член 17, став 2, алинеа 1, а во врска со член 54 од Законот за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година („Службен весник на Република  Северна Македонија“ бр.19/21), а со цел обезбедување единствени принципи за организирање на попишувањето и единствена примена на методолошките основи при попишувањето, директорот на Државниот завод за статистика ја пропишува Методологијата за подготовка, организирање и спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година (во понатамошниот текст: Пописот).

Методологијата е наменета првенствено за сите учесници во Пописот утврдени со Законот за Попис, но и за сите корисници на резултатите од Пописот. Таа ги  содржи сите потребни методолошко-организациски и технички објаснувања, со цел да се обезбеди единствена примена на новиот комбиниран методолошки пристап и новата технологија за спроведување на Пописот.

Сите учесници се должни доследно да се придржуваат и да ја применуваат оваа Методологија при извршувањето на задачите кои им се доверени за реализација на Пописот, со цел обезбедување единствени принципи за организирање и примена на Методологијата  за спроведување на Пописот, за добивање квалитетни статистички податоци.

Скопје, 2021 година

**Директор**

Апостол Симовски

# СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР ..... 3
МЕТОДОЛОГИЈА ..... 5
I ВОВЕД ..... 5
1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО, ДОМАЌИНСТВАТА И СТАНОВИТЕ ..... 5
2. ГЛАВНИ ЦЕЛИ НА ПОПИСИТЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО, ДОМАЌИНСТВАТА И СТАНОВИТЕ ..... 6
3. ПРИМЕНА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПОПИСОТ НА НАСЕЛЕНИЕТО, ДОМАЌИНСТВАТА И СТАНОВИТЕ 6
4. ПРАВЕН ОСНОВ ..... 6
II ОПШТ ДЕЛ ..... 7
1. ЦЕЛИ, ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ И НАЧЕЛА НА ПОПИСОТ ..... 8
2. ЕДИНИЦИ ШТО СЕ ОПФАЌААТ СО ПОПИСОТ ..... 9
3. ЕДИНИЦИ КОИ НЕ СЕ ПОПИШУВААТ ..... 10
4. ДЕФИНИЦИИ И ОДДЕЛНИ ПОИМИ ШТО СЕ УПОТРЕБУВААТ ВО ПОПИСОТ И НИВНОТО ЗНАЧЕЊЕ ..... 10
5. КАТЕГОРИИ НА НАСЕЛЕНИЕ ЗА КОИ ЌЕ СЕ ОБЕЗБЕДАТ ПОДАТОЦИ СО ПОПИСОТ ..... 11
6. КРИТИЧЕН МОМЕНТ НА ПОПИСОТ ..... 12
7. ВРЕМЕ (ПЕРИОД) НА ПОПИШУВАЊЕ ..... 13
8. ПОПИШУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ НА ЛИЦА ..... 13
9. МЕСТО НА ПОПИШУВАЊЕ ..... 14
10. МЕТОД НА ПОПИШУВАЊЕ ..... 15
11. УЧЕСНИЦИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПОПИСОТ ..... 18
12. УПОТРЕБА НА ЈАЗИЦИТЕ ВО ПОПИСОТ ..... 20
13. КАМПАЊА И КОМУНИКАЦИСКИ ПЛАН ЗА ПОПИСОТ ..... 20
14. ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПОПИСОТ ..... 20
15. ОБРАБОТКА И ОБЈАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПОПИСОТ ..... 20
III. ПОПИСНА ТЕХНОЛОГИЈА ..... 20
IV. БЕЛЕЗИ ЗА НАСЕЛЕНИЕТО ШТО СЕ ПОПИШУВА ..... 22
1. ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ ..... 22
2. ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ ..... 22
3. ЕКОНОМСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ ..... 24
4. ОБРАЗОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ ..... 27
5. МИГРАЦИИ ..... 27
6. ЕТНОКУЛТУРНИ КАРАКТЕРИСТИКИ ..... 29
7. ИНВАЛИДИТЕТ ..... 30
8. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДОМАЌИНСТВАТА И СЕМЕЈСТВАТА ..... 32
9. ЗЕМЈОДЕЛСТВО ..... 34
10. ЖИВЕАЛИШТА, СТАНОВИ И УСЛОВИ ЗА ДОМУВАЊЕ ..... 35
V ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ..... 43

Врз основа на член 17, став 2, алинеа 1, а во врска со член 54 од Законот за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.19/21), и Мислење на Советот за статистика бр.02-2/7 од 04.02.2021 година, а со цел обезбедување единствени принципи за организирање на попишувањето и единствена примена на Методологијата при попишувањето, директорот на Државниот завод за статистика пропишува:

# МЕТОДОЛОГИЈА

**за подготовка, организирање и спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година**

## I ВОВЕД

### 1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО, ДОМАЌИНСТВАТА И СТАНОВИТЕ

Пописот на населението, домаќинствата и становите се дефинира како статистичка операција со која во редовни временски интервали (најчесто на десет години) се врши официјално пребројување на населението на територијата на земјата, од нејзините најмали географски територијални единици до ниво на држава, заедно со дефинираните демографски, социјални и економски карактеристики на вкупното население. Втора најчесто применувана дефиниција е дека Пописот на населението, домаќинствата и становите претставува процес на прибирање, обработка, оцена, анализа и дисеминација на податоци за населението, домаќинствата и становите во една држава (или на точно дефинирана територија) во определен временски интервал.

Вообичаено е пописите да се спроведуваат на секои 10 години, и тоа во годините што завршуваат на нула или еден.

Современите пописи се важен статистички извор за прибирање на индивидуални податоци за населението, домаќинствата и становите од најниско географско ниво до ниво на држава и притоа:

- претставуваат значајна основа за современо одлучување и управување на сите нивоа;
- обезбедуваат голем фонд на релевантни статистички податоци неопходни за научни и стручни анализи на состојбите и идните макроекономски планирања на развојот на земјата;
- обезбедуваат континуитет и споредливост со резултатите од претходните пописи;
- претставуваат наследство кое треба да се обезбеди за сегашните и за идните генерации.

Државите членки на ООН се обврзани на спроведување Попис на населението и домувањето во согласност со донесените Меѓународни препораки за пописите на населението и домувањето, подготвени од страна на Економската комисија за Европа на Обединетите нации

и Евростат околу 2020 година (Conference of European Statisticians Recommendation for the 2020 Censuses of Population and Housing – CES, 2016).

## 2. ГЛАВНИ ЦЕЛИ НА ПОПИСИТЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО, ДОМАЌИНСТВАТА И СТАНОВИТЕ

Главни цели на Меѓународните препораки за пописите на населението и становите околу 2020 г, (заеднички подготвени од страна на Економската комисија за Европа на Обединетите нации и статистичката институција на Европската Унија) се:

- да се обезбеди методолошко упатство и поддршка на државите во планирањето и спроведувањето на пописите на населението;
- да се олесни и подобри споредливоста на податоците на регионално и на меѓународно ниво преку селекција на главниот сет белези и преку хармонизирање на дефинициите и класификациите.

Поради својата сериозност и обемност, Пописот бара исклучително внимателно планирање, подготовка, тестирање, анализирање и документирање на секоја фаза. Затоа, според своето општо значење, Пописот се рангира како активност од висок државен интерес, а неговото спроведување секогаш се регулира со посебен Закон за Попис кој се усвојува од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

За спроведување на Попис е потребна сестрана и темелна анализа, информирање, создадени услови, но и адекватна поддршка и вклучување на институциите во државата од највисоко ниво.

## 3. ПРИМЕНА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПОПИСОТ НА НАСЕЛЕНИЕТО, ДОМАЌИНСТВАТА И СТАНОВИТЕ

Агрегираните статистички резултати, добиени од податоците собрани од Пописот, освен за статистички цели, се користат и за макроекономски планирања, креирање на развојни политики, научни анализи и за други истражувања.

Со Пописот се обезбедуваат податоци што се од голема важност и за статистиката, односно даваат солидна основа за создавање временски серии со чија анализа се овозможува квалитетно согледување и оцена на факторите на демографскиот развој, развојот на социјалните движења, урбаниот развој и сл., во минатото, сегашноста и иднината.

Со Пописот на населението се обезбедуваат податоци за бројот на населението и за неговата територијална разместеност, како и за неговата структура според демографски, географски, економски и социјални белези.

Со Пописот на домаќинствата се обезбедуваат податоци за бројот на домаќинствата и за нивната територијална разместеност, како и податоци за структурата на домаќинствата според нивната големина, типот и семејниот состав.

Со Пописот на живеалиштата се обезбедуваат податоци за бројот на живеалиштата според видот и нивната територијална разместеност, а за становите, во градежна смисла, се обезбедуваат и податоци за нивната големина и опременост со инсталации и помошни простории.

Податоците од Пописот може да се користат и за воспоставување и водење на статистички регистри во надлежност на Државниот завод за статистика.

## 4. ПРАВЕН ОСНОВ

Правната рамка за спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2021 година е дефинирана во:

**Меѓународна регулатива**

- Меѓународните препораки за пописите на населението и домувањето околу 2020 година, подготвени од страна на Економската комисија за Европа на Обединетите нации и Евростат

(Conference of European Statisticians Recommendation for the 2020 Censuses of Population and Housing – CES, 2016)

- ЕУ Регулативата 763/2008 на Европскиот парламент и Советот, како основна (појдовна) регулатива за европската статистика за пописите на населението и домувањето;
- ЕУ Регулативата 543/2017 на Европскиот парламент и Советот за утврдување на правилата за примена и техничката спецификација на белезите и нивното расчленување за европската статистика за Пописот на населението и домувањето, 2021;
- ЕУ Регулативата 712/2017 на Европскиот парламент и Советот - за утврдување на референтната година и програмата за метаподатоци за европската статистика за Пописот на населението и домувањето, 2021;
- ЕУ Регулативата 881/2017 на Европскиот парламент и Советот – за структурата на извештајот за квалитет и техничкиот формат за доставување на пописните податоци за европската статистика за Пописот на населението и домувањето, 2021;
- ЕУ Регулативата 1799/2018 на Европскиот парламент и Советот за дисеминација на одбрани белези на 1 км² за европската статистика за Пописот на населенито и домувањето, 2021.

**Домашна регулатива**

- Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија” бр. 54/1997, 21/2007, 51/2011, 104/2013 , 42/2014, 192/2015, 27/16, 83/18, 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 31/20)
- Закон за Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/21)
- Закон за заштита на лични податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“бр.42/2020).

# II ОПШТ ДЕЛ

Во Република Северна Македонија, по Втората светска војна се спроведени 8 пописи на населението, и тоа: во 1948, 1953, 1961, 1971, 1981, 1991, 1994 и во 2002 година и нереализираниот, т.е. прекинатиот Попис во 2011 година. Сите пописи се спроведени со примена на традиционалниот начин на попишување, по пат на интервју од страна на обучени попишувачи, на хартиени пописни прашалници.

Во низата пописи спроведени во Република Северна Македонија, секој нареден Попис на населението е покомплексен по својата содржина од претходниот. Барањата се особено насочени кон Државниот завод за статистика, како национален координатор на статистичкиот систем во земјата и водечка и одговорна национална институција за спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите.

За Државниот завод за статистика, како национален координатор на статистичкиот систем во земјата, еден од стратегиските приоритети е навремена и ефикасна подготовка, организација и спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2021. Немањето пописни податоци со понов датум, поради фактот дека Пописот во 2011 година беше прекинат и не се реализираше, со секоја изминатата година има директно влијание врз статистичката продукција на податоците.

Во рамките на подготовките за Пописот во 2021 година, Државниот завод за статистика спроведе Пробен попис на населението во периодот од 14 до 30 јуни 2019 година и спроведува Тест-попис во периодот од 15 јануари до 15 февруари 2021 година.

# 1. ЦЕЛИ, ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ И НАЧЕЛА НА ПОПИСОТ

## 1.1. ЦЕЛИ НА ПОПИСОТ

Пописот претставува примарен извор за добивање демографски, географски, образовни и социоекономски податоци за населението во една држава.

Со Пописот на населението, домаќинствата и становите во 2021 година се обезбедуваат податоци за:

- вкупниот број и за територијалната разместеност на основните единици на Пописот (лица, домаќинства и станови),
- карактеристиките на основните единици на Пописот (лица, домаќинства и станови) со нивните белези и
- утврдување на промените што настанале во периодот од спроведувањето на последниот Попис на населението, домаќинствата и становите во 2002 година.

Според тоа, основната цел на Пописот е да се утврди бројот на населението и неговиот територијален распоред, да се добијат податоци за виталните, образовните, економските, етничките, миграциските и другите белези на населението. Пописот е основа за процена на бројот и на движењето на населението во меѓупописниот период, како и за долгорочни проекции на бројот на населението во иднина.

Бидејќи освен Попис на населението, истовремено се спроведува и Попис на домаќинствата, Пописот има за цел добивање податоци и за домаќинствата и семејствата не само како основни економски заедници (нивната структура според бројот на членовите, бројот на активни, односно издржувани лица, извори на приходи), туку и како биолошки заедници и промените во бројот и структурата на семејствата и нивните главни карактеристики и белези.

Целта на Пописот на становите е да се добијат податоци за структурата на станбениот фонд, т.е. да се утврди бројот на становите и да се добијат податоци за нивната искористеност, површината, бројот на соби, опременоста со помошни простории (кујна, санитарни простории), опременоста со електрични инсталации, водовод и централно греење, потоа нивната година на изградба, катноста и др. Од Пописот треба да се добијат и податоци за ненаселените станови, како и за становите што се користат за одмор и рекреација (викенд и семејни куќи).

Со Пописот во 2021 година се прибираат податоци и за лицата отсутни во странство над 1 година, со цел да се добијат порелевантни податоци и за бројот на отселените лица од земјата.

Исто така, со Пописот во 2021 година се прибираат и податоци за општата здравствена состојба на лицата - единици на Пописот. Целта на вклучувањето на оваа група прашања е од Пописот да се обезбедат податоци за бројот на лицата кои поради својата општа здравствена состојба имаат тешкотии во извршувањето на секојдневните активности, според видот и нивната територијална разместеност, а кои во иднина ќе послужат како статистичка рамка за примерочни истражувања за лицата со ваков вид тешкотии.

Значи, со Пописот се обезбедуваат целосни, квалитетни, ажурни и меѓународно споредливи статистички податоци за населението, домаќинствата и становите, за задоволување на националните и меѓународните потреби на корисниците.

## 1.2. ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ И НАЧЕЛА НА ПОПИСОТ

- **Индивидуално попишување** подразбира да се попишуваат индивидуално сите пописни единици, дефинирани како предмет на Пописот, односно за сите нив се прибираат податоци според сите белези, дефинирани како содржина на Пописот;

- **Универзалност во рамките на државата,** односно Пописот ја опфаќа целата територија на државата и ги опфаќа сите пописни единици: лица (што живеат и престојуваат на територијата на државата), домаќинства и станови;
- **Истовременост**, односно попишување на сите пописни единици во ист, точно дефиниран период, а податоците се однесуваат за ист дефиниран критичен момент (со исклучок на претходното попишување што се спроведува пред редовниот Попис);
- **Дефинирана периодика**, односно пописите се спроведуваат во точно дефинирани временски интервали. Во согласност со Препораките на Организацијата на Обединетите нации, пописите се спроведуваат со десетгодишна периодика, околу годините кои завршуваат на 0, со што се овозможува и споредливост на податоците на меѓународно ниво;
- **Податоци за мали географски области** - Пописот овозможува да се добијат податоци за единиците на Пописот на најмало географско ниво, до населено место, па дури и до пописен круг (најмалата статистичка територијална единица за потребите на Пописот), но притоа строго водејќи сметка за заштитата на индивидуалните податоци.
- Пописот се базира врз **единствена методологија**, т.е. врз единствени дефиниции и класификации на единиците и нивните белези, како и врз единствена програмска обработка на податоците и објавување на резултатите.
- **Заштита на податоците**, односно законска обврска на сите учесници во Пописот е да се грижат за тајноста и за доверливоста на собраните податоци во согласност со важечките законски решенија.
- **Рационалност** во сите фази на Пописот, од подготовките до објавувањето на резултатите, во насока на постигнување квалитет на податоците со оптимално ангажирање на учесници и средства.

## 2. ЕДИНИЦИ ШТО СЕ ОПФАЌААТ СО ПОПИСОТ

Со Пописот се опфаќаат следните единици:

**1. Лица**

Со Пописот се опфаќаат:

- државјаните на Република Северна Македонија кои имаат живеалиште или престојувалиште во Република Северна Македонија, без оглед на тоа дали во моментот на Пописот се наоѓаат во земјата или во странство;
- странските државјани кои се присутни во Република Северна Македонија со одобрение за престој;
- странците со поднесено барање за признавање на право на азил, признато право на азил поради супсидијарна заштита и со признат статус на бегалец и
- лицата без државјанство кои во моментот на спроведувањето на Пописот ќе се затекнат во Република Северна Македонија.

**2. Домаќинства**

Со Пописот се опфаќаат сите домаќинства (согласно со дефиницијата за домаќинства) на лицата-единици на Пописот.

Со Пописот се опфаќаат и колективните домаќинства (составени од лица кои живеат во установи за трајно згрижување на деца и возрасни, во манастири, домови и слично).

**3. Станови**

Со Пописот се опфаќаат сите станови во земјата, наменети за живеење, без оглед дали се користат за постојано или повремено живеење (за одмор и рекреација, сезонски работи) или се ненаселени станови.

Со Пописот се опфаќаат и сите други видови простории или објекти кои не се станови во смисла на дефиницијата за стан, но за време на Пописот се користат за живеење (други населени простории, населени деловни простории, импровизирани живеалишта и колективни живеалишта).

Со Пописот се опфаќаат и колективните станови (домови и хотели за самци, домови за пензионери, стари и изнемоштени лица, студентски домови, манастирски конаци и сл.).

## 3. ЕДИНИЦИ КОИ НЕ СЕ ПОПИШУВААТ

Со Пописот нема да се опфатат:

**1. Лица**

- дипломатскиот персонал на странските дипломатско-конзуларни претставништва во Република Северна Македонија, како и членовите на нивните семејства;
- странскиот воен персонал и членовите на нивните семејства, лоцирани во Република Северна Македонија, како и членовите и претставниците на меѓународните организации и заедници кои во моментот на Пописот престојуваат во Република Северна Македонија;
- странските државјани кои во времето на Пописот се наоѓаат во Република Северна Македонија поради службен пат, приватна посета, годишен одмор, лекување, екскурзија, туристички и слични патувања;
- странските државјани што поради работа или школување дневно ја поминуваат државната граница.

**2. Станови**

- становите на дипломатско-конзуларните претставници на странски земји и становите во сопственост на други држави;
- ненаселените (празните) станови кои се иселени поради нивно рушење;
- празните станови во зградите во кои сѐ уште не е дозволено вселување;
- објектите кои во целост се користат за сместување на земјоделски орудија и алати, земјоделски производи, огрев и сл., или се користат за преработка на земјоделски производи.
- колективните станови во кои не живее ниту едно идивидуално домаќинство (домови и хотели за самци, домови за стари лица, студентски домови, манастирски конаци и сл.)

## 4. ДЕФИНИЦИИ И ОДДЕЛНИ ПОИМИ ШТО СЕ УПОТРЕБУВААТ ВО ПОПИСОТ И НИВНОТО ЗНАЧЕЊЕ

**„Место на вообичаено живеење“** е географско место во кое лицето што се попишува вообичаено живее и тоа може да биде исто или различно од местото во кое лицето фактички се наоѓа во времето на Пописот или тоа може да биде неговото официјално (легално) место на живеење. Место на вообичаено живеење е местото во кое лицето поминува најголем дел од својот дневен, односно ноќен одмор.

,,**Официјално (легално) место на живеење“** е местото на живеење во кое лицето е регистрирано во надлежниот орган - министерство, во согласност со прописите на Република Северна Македонија.

**„Домаќинство“** е секоја семејна или друга заедница на лица што изјавуваат дека живеат заедно и ги трошат заеднички своите приходи за намирување на основните животни потреби (домување, исхрана и друго), без оглед дали сите членови се наоѓаат постојано во местото каде што е населено домаќинството или некои од нив престојуваат определено време во друго населено место, односно странска држава (помалку од 12 месеци), поради работа, службен пат, лекување или од други причини. Како членови на домаќинствата нема да се сметаат лицата чие отсуство е подолго од 12 месеци.

**„Самечко домаќинство“** е домаќинството на секое лице што во местото на Пописот живее само и кое нема свое домаќинство во друго место. Лицето што има самечко домаќинство може да живее во посебен или во делив стан или како самец-потстанар или во хотел за самци и слично, но тоа,

без оглед дали живее во иста соба со друг самец или со членови на домаќинството - станодавец, самостојно ги троши своите приходи.

**„Колективно домаќинство“** е домаќинство составено од лица што живеат во установи за трајно згрижување на деца и возрасни, во манастири и во болници за сместување на неизлечиви болни.

**„Семејството“** е дефинирано како заедница на две или повеќе лица кои живеат во исто домаќинство и кои се поврзани преку брак, друг вид на регистрација или договорна заедница (т.е. невенчани) партнери или како зедница на родител и дете/ца.

**„Стан“** е градежно поврзана целина наменета за живеење, без оглед на тоа дали станот во моментот на Пописот се користи само за живеење, за живеење и вршење дејност, само за вршење дејност, за одмор и рекреација или се работи за ненаселен, а градежно уреден стан.

Станот се состои од една или од повеќе соби, со или без помошни простории (кујна, шпајз, претсобје, бања, тоалет и слично) и треба да има посебен пристап од улица или директно преку двор, терен или преку заеднички простор од зградата (скали, пасаж, галерија итн.), а може да има еден или повеќе влезови.

**„Друга населена просторија“** е населена просторија или објект што не е наменет за живеење и не претставува стан во смисла на дефиницијата за стан, но за време на Пописот се користи за живеење.

**„Пописен реон“** е дел од територијата на Република Северна Македонија, определен за организација и спроведување на Пописот, составен од една или од повеќе општини врз основа на критериумите утврдени во членот 13 од Законот за Попис.

**„Пописен круг“** е дел од територијата на Република Северна Македонија формиран за потребите на Пописот и опфаќа најчесто од 50 до 100 домаќинства според утврдените критериуми во „Упатството за ревизија на границите на просторните единици за Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2021“;

**„Самопопишување/саморегистрација“** на лицата државјани на Република Северна Македонија кои во периодот на спроведување на Пописот живеат /престојуваат во странство. Попишувањето на оваа категорија на лица е по пат на самопопишување преку онлајн апликација достапна на веб-страницата на ДЗС.

## 5. КАТЕГОРИИ НА НАСЕЛЕНИЕ ЗА КОИ ЌЕ СЕ ОБЕЗБЕДАТ ПОДАТОЦИ СО ПОПИСОТ

**1. „Вкупно резидентно население“** го сочинуваат следните лица-единици на Попис, и тоа:

- Лицата државјани со место на вообичаено живеење во Република Северна Македонија, без оглед дали во моментот на Пописот се наоѓаат во местото на живеење или во друго место во Република Северна Македонија;
- Лицата-странци кои престојуваат во Република Северна Македонија подолго од 12 месеци (една година), со одобрение за постојан или за привремен престој;
- Лицата што имаат место на живеење во Република Северна Македонија и се нејзини државјани, а во времето на Пописот престојуваат во странство помалку од 12 месеци (една година) поради работа или друга причина, како и членовите на нивните домаќинства кои престојуваат со нив;
- Лицата што имаат место на вообичаено живеење во Република Северна Македонија, а кои во времето на Пописот се на работа во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство, Обединетите нации и нејзините организации, претставништва или претставници на стопанските комори во странство, деловните единици во странство, воени претставници на Армијата на Република Северна Македонија во странство и граѓаните што се ангажирани врз основа на меѓународна, техничка и друга соработка, како и членовите на домаќинствата што привремено престојуваат во странство со наведените лица (независно од должината на престојот во странство по некој од наведените основи).

Освен овие лица, во **Вкупно резидентно население** спаѓаат и следните лица ако се континуирано присутни во земјата повеќе од 12 месеци:

- Странците со признат статус на бегалец што ќе се најдат во Република Северна Македонија во времето на Пописот;
- Странците со признато право на азил поради супсидијарна заштита, кои во времето на Пописот се нашле во Република Северна Македонија;
- Странците со поднесено барање за признавање право на азил што се нашле во Република Северна Македонија во времето на Пописот;
- Други лица што ќе се најдат на територијата на Република Северна Македонија во време на Пописот (а кои ги исполнуваат претходно дефинираните критериуми).

2. **„Вкупно нерезидентно население“** го сочинуваат следните лица-единици на Попис, и тоа:

- Лицата државјани на Република Северна Македонија, кои во времето на Пописот престојуваат во странство повеќе од 12 месеци (една година) поради работа или друга причина, како и членовите на нивните домаќинства кои престојуваат со нив;

- Лицата-странци кои престојуваат во Република Северна Македонија до 12 месеци (помалку од една година), со одобрение за привремен престој.

3. Вкупното резидентно и вкупното нерезидентно население ја сочинуваат категоријата **„Вкупно попишано население“**.

## 6. КРИТИЧЕН МОМЕНТ НА ПОПИСОТ

Податоците треба да се запишат во пописните обрасци според состојбата на 31 март 2021 година во 24 часот, односно на полноќ меѓу 31 март и 1 април 2021 година. Овој временски пресек во статистиката се нарекува „критичен момент на Пописот“.

Пописот се врши според состојбата во моментот што е дефиниран како критичен момент на Пописот. Сите промени настанати по критичниот момент не се земаат предвид. Значи, ТРЕБА да се попишат сите лица кои биле живи во критичниот момент на Пописот.

На пример:

**НЕ ТРЕБА** да се попишат:

а) децата родени по критичниот момент (31 март 2021 година година, во 24 часот), односно во периодот од 1 април 2021 година до доаѓањето на попишувачот во домаќинството.

б) ако некое лице починало пред критичниот момент или токму во критичниот момент на Пописот (31 март 2021 година, во 24 часот), не треба да се попише, односно за него не треба да се приберат податоци.

**ТРЕБА** да се попишат:

в ) Децата родени во самиот критичен момент;

г) Лицата што починале по критичниот момент, односно во периодот од 1 април 2021 година до доаѓањето на попишувачот во домаќинството на кое му припаѓало тоа лице.

д) Ако некое лице има одобрение за привремен престој во Република Северна Македонија во траење од 11 месеци и 29 дена, во критичниот момент ќе се попише како лице присутно помалку од една година.

## 7. ВРЕМЕ (ПЕРИОД) НА ПОПИШУВАЊЕ

Попишувањето на населението, домаќинствата и становите на целата територија на Република Северна Македонија ќе почне на 1 април 2021 година, во 8:00 часот наутро, а ќе заврши на 21 април 2021 година, во 20:00 часот.

На лицата отсутни во странство кои за време (периодот) на спроведувањето на Пописот во земјата ќе бидат отсутни во странство, ќе им биде овозможено самопопишување на посебна апликација достапна на веб-страницата на Државниот завод за статистика, во периодот од 1 март до 21 април 2021 година.

## 8. ПОПИШУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ НА ЛИЦА

За подобрување на опфатот и на квалитетот на податоците за одделни категории население, ДЗС ќе организира претходно попишување на одделни категории на лица и тоа за:

**1. Лицата што за време на спроведувањето на Пописот се наоѓаат во странство**

Начинот на попишувањето на овие лица е во согласност со оваа Методологијата и Упатството за самопопишување на лицата отсутни во странство, што го донесува директорот на Државниот завод за статистика. За оваа категорија на лица, во периодот од 1 март до 21 април 2021 година, ДЗС ќе овозможи да се попишат преку посебно дизајнирано апликативно решение кое ќе биде расположливо на веб-страницата на ДЗС. Услов за самопопишување на оваа категорија на лица, како и на членовите на нивните домаќинства/семејства е Единствениот матичен број на граѓанинот (ЕМБГ).

**2. Лицата што за време на Пописот се наоѓаат во служба на Армијата на Република Северна Македонија, во државата или во странство**

Министерството за одбрана, во соработка со Државниот завод за статистика, го спроведува попишувањето на овие лица. Начинот на попишувањето на овие лица е во согласност со упатството што го донесува директорот на Државниот завод за статистика, во согласност со министерот за одбрана.

**3. Лицата што за време на Пописот се наоѓаат во притвор или на издржување казна затвор во затворите, казнено-поправните установи и воспитно-поправните домови**

Министерството за правда, во соработка со Државниот завод за статистика, го спроведува попишувањето на овие лица. Начинот на попишувањето на овие лица е во согласност со упатството што го донесува директорот на Државниот завод за статистика во согласност со министерот за правда.

**4. Лицата на служба во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија и членовите на нивните семејства што престојуваат заедно со нив**

Министерството за надворешни работи, во соработка со Државниот завод за статистика, го организира попишувањето на лицата кои за време на Пописот се на работа во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија, како и членовите на семејствата што привремено престојуваат во странство со наведените лица. Начинот на попишувањето на овие лица е во согласност со упатството што го донесува директорот на Државниот завод за статистика, во согласност со министерот за надворешни работи.

**5. Лицата бездомници**

Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Државниот завод за статистика, го спроведува попишувањето на овие лица. Начинот на попишувањето на овие лица се утврдува со упатството што го донесува директорот на Државниот завод за статистика, во согласност со министерот за труд и социјална политика.

Претходното попишување за лицата наведени во точките од 2 до 5, Пописот се спроведува во периодот од 01 до 15 март 2021 година.

## 9. МЕСТО НА ПОПИШУВАЊЕ

Со правилна примена на концептот на место на вообичаено живеење, како еден од главните белези на лицата-единици на Попис, се **овозможува секое лице да има едно место на вообичаено живеење**. Ова е важно и од национален и од меѓународен аспект, со цел да се избегне лицата да бидат опфатени повеќепати во категоријата вкупно население, во вкупното население на повеќе од една држава или да не бидат опфатени воопшто.

Попишувањето на лицата-единици на Попис се врши во местото каде што ќе се затекнат.

Лицата отсутни во странство за време на Пописот, ќе можат да се попишат:

- по пат на самопопишување преку апликацијата достапна на веб-страницата на ДЗС. Услов за да се самопопишат е точниот ЕМБГ.

  и

- врз основа на ЕМБГ на лицето кое се попишува и ЕМБГ на лицето кое ги дава податоците. Податоците ги дава полнолетно лице на кого најмногу му се познати.

**Место на живеење** е населеното место во кое лицето се населило со намера во него постојано да живее.

**Место на престој** е населеното место во кое лицето привремено престојува, надвор од населеното место во кое се наоѓа неговото место на живеење.

**Официјално (легално) место на живеење** е местото на живеење во кое лицето е регистрирано од надлежното министерство во согласност со прописите на Република Северна Македонија.

**Местото на живеење може да биде:**

1. Исто или различно од официјалното (легално) место на живеење на лицето, или
2. Исто или различно од местото на работа или школување, или
3. Може да биде исто или различно од местото во кое лицето се наоѓа за време на Пописот, или
4. Едно лице може да има две или повеќе места на живеење.

**НАПОМЕНА:**

За одделни категории на лица, со цел правилна примена на дефиницијата за место на вообичаено живеење, треба да се земе предвид следното:

- **За лицата со место на вообичаено живеење во Република Северна Македонија,** попишувањето се врши во местото каде што лицето **вообичаено живее**.
- **За лицата кои ќе се затекнат во местото на Попис поради работа,** а имаат свое домаќинство/семејство во друго место во земјата, нивното местото на вообичаено живеење е заедно со нивните семејства/домаќинства.
- **За учениците во основно и во средно образование кои се школуваат** надвор од местото на вообичаено живеење на нивното домаќинство, независно од тоа каде се школуваат во државата, нивното место на вообичаено живеење е заедно со нивното домаќинство.
- **За студентите кои се школуваат во државата,** нивното место на вообичаено живеење е заедно со нивното домаќинство, независно од тоа каде се школуваат во државата.
- **За студентите што се школуваат во странство, но не врз основа на меѓународна размена на студенти,** согласно со концептот за место на вообичаено живеење, нивното место на вообичаено живеење е во државата во која студираат.
- **За лицата сметени во колективните живеалишта за трајно згрижување** (на пр., старечки домови, манастири...), нивното место на вообичаено живеење е во колективното живеалиште.
- **За лицата-странци што имаат одобрение за постојан или за привремен престој** во Република Северна Македонија, попишувањето се врши во местото на одобрениот престој.
- **За странците со признато право на азил заради супсидијарна заштита, странците со поднесено барање за признавање на право на азил и признат статус на бегалец,** што во времето на Пописот ќе се најдат во Република Северна Македонија, попишувањето се врши според местото каде што им е одобрено да престојуваат.

- **За лицата на работа или престој во странство,** кои ќе се самопопишат преку веб-апликацијата на веб-страницата на ДЗС за Попис 2021, местото на попишување е последната адреса, т.е. официјалното (легално) место на живеење во Република Северна Македонија каде што живееле пред заминувањето во странство.
- **За лицата со место на вообичаено живеење во Република Северна Македонија, кои за време на Пописот се отсутни во странство, а не се самопопишале преку веб-апликацијата,** попишувањето се врши во нивното последно вообичаено место на живеење во Република Северна Македонија ако на таа адреса има полнолетен член на домаќинството или друго лице што може да ги даде сите потребни податоци за овие лица. За овие лица податоци дава исклучиво полнолетен член на домаќинството или друго полнолетно лице кое најдобро ги познава податоците за тие лица. Давателот на податоците е должен да приложи соодветен документ од кој ќе може да се преземе ЕМБГ на лицето кое се попишува, како и соодветен документ од кој ќе може да се преземе неговиот ЕМБГ (со што ќе ја гарантира точноста на дадените податоци).
- **Кога едно лице има две или повеќе места на живеење, лицето ќе се попише во** она место во кое поминува поголем дел од годината, односно тоа место ќе се смета за негово вообичаено место на живеење. **На пример,** некои домаќинства имаат куќа/стан во град и во село. Зимскиот период го поминуваат во градот, а летниот во село. Домаќинството ќе се попише во она место каде што поминува поголем дел од годината. Друг пример се децата што по разводот на нивните родители може да го изберат како свое место на вообичаено живеење домаќинството во кое поминуваат најголем дел од својот дневен, односно ноќен одмор.
- **За бездомниците, номадите, скитниците или лицата без место на вообичаено живеалиште,** местото на попишување ќе се смета за нивно место на вообичаено живеење.

## 10. МЕТОД НА ПОПИШУВАЊЕ

Прибирањето на податоците на терен ќе го вршат овластени попишувачи со интервју „лице в лице“ и со запишување на податоците во електронска форма на лаптоп.

За секој пописен круг се назначува најмалку еден попишувач во зависност од специфичностите на пописниот круг и од етничката структура на населението.

Во претходните пописи на населението, домаќинствата и становите (спроведени на територијата на денешна Република Северна Македонија), се користеше традиционалниот метод на попишување по пат на интервју на хартиени обрасци.

Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2021 година, се спроведува со примена на нов, т.н. комбиниран пописен метод и нов технолошки пристап со внес на пописните податоци на рачни компјутери, лаптопи. Комбинираниот пописен метод е апликативно решение, во кое е предвидено користење на податоци од креираната претпописна база (ПП) на податоци, со која преку Единствениот матичен број на граѓанинот (ЕМБГ) се интегрирани одделни белези за единиците на Пописот, од подолунаведените административни извори.

Државниот завод за статистика во своите стратегиски определби го постави користењето на административните извори на податоци за статистички цели како еден од своите приоритети.

Во процесот на хармонизација со европскиот статистички систем и следење на Кодексот за работа на европската статистика, стратегиска определба на Државниот завод за статистика, покрај продукцијата на податоци од статистичките истражувања е и испитувањето на можностите за користење административни извори на податоци, како секундарен извор.

Примената на комбинираниот метод на попишување наметнува одредени услови и решенија кои се од есенцијална важност за целосно заокружување на процесот на подготовка. Имено, комбинираниот метод на попишување се базира на два извора на податоци, теренски и административни. За разлика од традиционалниот попис на терен и пописот од регистри, каде што точно е дефиниран единствениот извор на податоци, при користењето на комбинираниот метод се

користат два извора на податоци кои можат да се надополнуваат еден со друг или да се користат паралелно.

Комбинацијата на регистри и целосното попишување на терен овозможува целосна географска покриеност и концептуална деталност за белезите кои се прибираат, без разлика дали се расположливи во регистрите или не. Се овозможува и максимална флексибилност во содржината на прибраните податоци, додека истовремено се намалува обврската за одговор во споредба со целосно традиционалниот попис и прибирањето на истите информации.

Новиот комбиниран пописен метод (со апликативното решение) предвидува користење на податоците од креирана претпописна база на податоци со која преку ЕМБГ се интегрирани одделни белези на лицата-единици на Пописот, од следниве административни и статистички извори:

- **МВР**-Министерство за внатрешни работи (базата на државјани на Република Северна Македонија)
- **МИОА**-Министерство за информатичко општество и администрација (податоци вклучени во Регистарот на населението на Република Северна Македонија)
- **АВРСМ**-Агенција за вработување на Република Северна Македонија (податоците за економската активност на лицата)
- **МОН**-Министерство за образование и наука (податоците за запишаните ученици во основни и средни училишта во тековната учебна година)
- **УЈП**-Управа за јавни приходи (податоци за лицата кои имаат примања и за кои се исплаќа персонален данок на доход)
- **ПИОМ**-Фонд за пензиско-инвалидско осигурување (податоци за корисниците на пензиско и инвалидско осигурување, т.е. примателите на пензија по сите основи)
- **МТСП**-Министерство за труд и социјална политика (податоци за лицата-корисници на права на социјални трансфери/примања по сите категории)
- **УВМК -** Управата за водење на матични книги, податоци од матичните книги за родените, умрените и венчаните лица
- **АКН- Агенцијата за катастар на недвижности**, податоци за недвижностите и нивните движења
- **ДЗС**-Државен завод за статистика за податоците од:

- Статистичкото истражување за запишани студенти на додипломски студии (прв циклус) на факултетите и високите стручни школи во академската година - ВОИ.20
- Статистичкото истражување за дипломирани студенти на додипломски студии (прв циклус) на факултетите и високите стручни школи - ВОИ.50
- Статистичкото истражување за лица кои се стекнале со научен назив магистер или звање специјалист - ВОИ.80
- Статистичкото истражување за лица – доктори на науки (кои одбраниле докторски труд) - ВОИ.70
- Статистичкото истражувања за родените - ВИТ.1 и
- Статистичкиот деловен регистар.

### 10.1. ПРЕТПОПИСНА БАЗА (ПП база)

Претпописната база претставува основа за примена на комбинираниот методолошки пристап за спроведување на Пописот 2021. ДЗС ги обезбедува влезните почетни податоци за лицата, добиени од административни и статистички извори, и сите потребни класификации, кодни листи и номенклатури, како и документ во кој е обезбедена информација за сите модалитети за одговорите на прашањата кои се користат при прибирањето на податоците согласно со дефинираните пописни инструменти. Податоците од административните извори се вчитуваат пред тие да бидат искористени за креирање на табелата со податоци за лицата во ПП база.

Се користат изворите на податоци наведени во делот 10 од глава II. Вчитани се сите кодни листи и класификации потребни за дообјаснување и контрола на податоците кои се користат од административни и статистички извори. ПП база содржи податоци за лицата-единици на Попис од кои автоматски се преземаат одделни белези во апликативното решение при спроведувањето на Пописот на терен. Во ПП база постојат следните белези за лицата:

- Име
- Презиме
- Моминско презиме
- Име на таткото
- Име на мајката
- ЕМБГ
- Пол
- Статус
- Државјанство
- Официјална адреса на живеење
- Држава на раѓање
- Населено место на раѓање
- Држава на живеење
- Занимање
- Населено место на училиштето/факултетот кој се посетува
- Тип и поле на образование кое се посетува
- Тип и поле на највисоко завршено образование
- Матичен број, населено место и дејност на деловниот субјект каде што лицето работи
- Индикатор за прималец на социјален трансфер - Индикатор за корисник на пензија
- Индикатор за деца родени во странство и нивните родители

Покрај Претпописната база, ДЗС ќе користи и други расположливи административни бази во дадениот момент за проверка на точноста на податоците. ДЗС, во фазата на обработка, при констатирање на погрешен податок, врши корекција согласно со административните бази на податоци.

**Офлајн работење**

Апликацијата овозможува користење на графички приказ и начин на внес на сите податоци во ситуации кога не е воспоставена онлајн врска со ресурсите во ДЗС, односно во офлајн работење. Тоа значи дека на попишувачот му се овозможени функционалностите на апликацијата во текот на целото време на попишување. Податоците кои привремено се чуваат во лаптопот се криптирани.

Апликативното решение овозможува графички приказ (ГИС визуелизација) во кој се прикажуваат просторни податоци релевантни за процесот на попишување на терен (граници на општини, населени места, пописен круг, центроиди на згради со куќни броеви, називи на улици, објекти за ориентација, ортофото). Попишувачот ќе користи и скици на ПК во пдф формат и помошен прашалник, т.н. КОНТРОЛНИК, во хартиена и електронска форма, во кој ќе ги запишува адресите на кои вршел попишување, за полесно следење на евиденцијата на попишаните единици во пописниот круг.

Пописот се спроведува врз основа на единствена методологија и единствени упатства за работа на учесниците во Пописот на целата територија на Република Северна Македонија.

Покрај оваа Методологија, се користат и следниве упатства:

- Упатство за начинот на попишување за сите учесници во Пописот;
- Упатство за самопопишување преку веб-апликацијата за лицата отсутни во странство;
- Упатство за начинот на попишување на лицата на служба во дипломатско-конзуларните претставништва (ДКП);
- Упатство за начинот на попишување во казнено-поправните домови (КПД);
- Упатство за начинот на попишување на лицата во служба на Армијата на Република Северна

Македонија (АРСМ) и
- Упатство за начинот на попишување на лицата-бездомници.

## 11. УЧЕСНИЦИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПОПИСОТ

Пописот го подготвува, организира и спроведува Државниот завод за статистика. Учесниците во Пописот работат врз основа на писмено овластување во кое право на увид има секое лице што се попишува, а Пописот го вршат во согласност со оваа Методологија.

Нивните права и обврски се утврдени во согласност со Законот за Попис на населението, домаќинствата и становите, 2021 („Службен весник на Република  Северна Македонија" бр.19/21).

### 11.1. СТРУЧНИ ТЕЛА И ДРУГИ УЧЕСНИЦИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПОПИСОТ

Во организацијата и спроведувањето на Пописот учествуваат и:
- Советот за статистика на Република Северна Македонија;
- комисиите за пописните реони;
- државните инструктори;
- реонските инструктори;
- реонските попишувачи и
- други учесници согласно со одредбите од Законот за Попис на населението, домаќинствата и становите, 2021

**11.1.1. Советот за статистика** на Република Северна Македонија, согласно со Законот за државната статистика, му дава мислење на директорот на Државниот завод за статистика за:
- содржината на Методологијата за Пописот и пописните обрасци;
- организациско-техничките мерки за заштита на податоците од Пописот и
- програмата за обработка и објавување на податоците од Пописот.

Советот за статистика, по барање на директорот, зазема ставови за одредени стручно-методолошки прашања поврзани со реализацијата на Пописот.

Во работата на Советот, покрај претседателот и членовите на Советот именувани од страна на Собранието на Република Северна Македонија, за прашања поврзани со Пописот, учествува и заменикот на директорот на Државниот завод за статистика.

**11.1.2. Комисијата за пописен реон** ги врши следниве работи:
- Учествува во информирањето на населението за значењето на Пописот и правата и должностите на граѓаните во Пописот;
- Обезбедува просторни и други материјално-технички услови потребни за спроведување на Пописот;
- Презема мерки за навремено опфаќање на единиците на Пописот;
- Обезбедува просторни и други услови за спроведување на обуките на учесниците во Пописот;
- Заедно со државните инструктори спроведува тестирање на пријавените кандидати за попишување;
- Заедно со државните инструктори подготвува предлог за избор на реонски инструктори и попишувачи;
- Заедно со државните инструктори врши распоредување на инструкторите и попишувачите по пописни кругови и
- Врши и други работи во врска со Пописот, согласно со Упатството за начинот на работењето на комисиите за пописните реони и Законот за Попис.

Комисијата за пописен реон е составена од 5 до 11 членови, вклучувајќи го и претседателот. Вкупниот број на членови на Комисијата за пописниот реон се утврдува во зависност од бројот

на општините во пописниот реон и од бројот на вкупното население во пописниот реон според Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2002 година.

Државниот завод за статистика ги именува членовите на Комисијата од редот на административните службеници, по предлог на единиците на локалната самоуправа кои го сочинуваат пописниот реон.

Во Комисијата за пописниот реон, секретарите на општините се членови по функција, како претставници на единиците на локалната самоуправа кои го сочинуваат пописниот реон, како и по едно стручно лице од областа на геодетските работи од секоја општина. Претседател на Комисијата е секретарот на општината каде што е седиштето на пописниот реон.

**11.1.3. Државните инструктори** ги именува директорот на Државниот завод за статистика од редот на вработените во Државниот завод за статистика. Директорот на Државниот завод за статистика на државните инструктори им издава писмено овластување.

За секој пописен реон се назначуваат од еден до пет државни инструктори во зависност од бројот на општините во пописниот реон и од бројот на вкупното население во пописниот реон според Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2002 година.

Државните инструктори ги вршат следниве работи:

- Се грижат за примена на методолошките правила и упатства за спроведување на Пописот;
- Учествуваат во подготовките и ја спроведуваат обуката на членовите на комисиите на пописните реони, на реонските инструктори и ја надгледуваат обуката на попишувачите;
- Заедно со Комисијата за пописен реон спроведуваат тестирање на пријавените кандидати и подготвуваат предлог за избор на реонски инструктори и попишувачи;
- Учествуваат во организирањето и координирањето на целокупниот процес на спроведувањето на Пописот во пописниот реон;
- Даваат стручни толкувања на учесниците во Пописот за методолошките материјали и другите инструменти во Пописот;
- Ги пренесуваат ставовите на Државниот завод за статистика по определени прашања од Пописот и обезбедуваат запознавање на сите учесници во Пописот и нивна примена на теренот;
- Редовно и непосредно ги следат спроведувањето на Пописот и работата на реонските инструктори и реонските попишувачи;
- Секојдневно го информираат Државниот завод за статистика за текот и спроведувањето на Пописот и
- Вршат и други работи и работни задачи во врска со Пописот, согласно со Законот.

Државниот завод за статистика ги именува реонските инструктори и реонските попишувачи по претходно спроведен јавен конкурс и тестирање на пријавените кандидати, ако ги исполнуваат следниве општи услови:

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да се полнолетни;
- да имаат завршено најмалку средно образование и
- да немаат засновано работен однос.

Јавниот конкурс ќе биде објавен во седиштето на пописниот реон и во два дневни весника од кои најмалку во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, а постапката за тестирање на пријавените кандидати ја спроведува Државниот завод за статистика.

**11.1.4. Реонските инструктори** ја спроведуваат обуката на реонските попишувачи.

Реонските инструктори непосредно го следат попишувањето на населението што го вршат реонските попишувачи и се грижат за квалитетно попишување и целосен опфат на единиците на Пописот.

Реонските инструктори работат согласно со Упатството за работа и во текот на попишувањето и во другите активности во врска со Пописот се должни да постапуваат согласно со инструкциите од државните инструктори.

**11.1.5. Реонските попишувачи** вршат непосредно попишување на терен и се должни да внесуваат податоци во електронската апликација согласно со Упатството за попишување.

Реонските попишувачи добиваат стручна помош при попишувањето од реонските инструктори и од државните инструктори.

Државните инструктори, реонските инструктори и реонските попишувачи се должни во текот на Пописот да применуваат технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на податоците согласно со прописите од областа на заштитата на личните податоци.

## 12. УПОТРЕБА НА ЈАЗИЦИТЕ ВО ПОПИСОТ

Електронската апликација со која се врши попишувањето функционира на 7 (седум) јазици: македонски, албански, турски, ромски, влашки, српски и босански.

Попишувањето се врши на јазикот што го избира лицето кое се попишува или лицето кое ги дава податоците.

## 13. КАМПАЊА И КОМУНИКАЦИСКИ ПЛАН ЗА ПОПИСОТ

Популаризацијата на Пописот се врши според подготвена стратегија и комуникациски план за сите активности што треба да се преземат за добра промоција на Пописот и каналите за комуникација на клучните пораки поврзани со Пописот.

## 14. ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПОПИСОТ

Личните податоци на лицата-единици на Пописот кои се прибраат и обработуваат со Пописот се доверливи податоци и се користат исклучиво за статистички цели во согласност со Законот за државната статистика и Законот за Попис.

Сите учесници во Пописот се информираат за тајноста и доверливоста на податоците и соодветно на тоа се должни да вршат заштита на податоците, а во спротивно одговараат согласно со закон.

## 15. ОБРАБОТКА И ОБЈАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПОПИСОТ

Обработката и објавувањето на податоците од Пописот го врши ДЗС во согласност со Програмата за обработка и објавување на податоците од Пописот.Објавувањето на податоците од Пописот се врши со акт за објавување.

# III. ПОПИСНА ТЕХНОЛОГИЈА

Ова поглавје се однесува на новата пописна технологија која претпоставува примена на комбиниран методолошки пристап за спроведување на Пописот и се користи директно, како за прибирање на пописните податоци, така и за обработка и дисеминација на податоците од Попис.

Архитектурата на системот се базира на комбинираниот методолошки пристап кој подразбира теренско попишување со користење на преносни компјутери-лаптопи од страна на попишувачите. Преку преносните компјутери, попишувачите ќе се поврзуваат на посебно развиена веб апликација за

оваа намена чии карактеристики се предмет на опис на оваа Методологија. Попишувачите, при попишувањето на лицето-единица на Попис, го внесуваат ЕМБГ на лицето во интерфејсот, на апликацијата инсталирана на преносниот уред, каде што се врши и енкрипција на податоците.

Се логира информацијата за корисникот кој го започнал пребарувањето. Апликацијата се поврзува со 2G/3G/4G мрежата која треба да биде посветена само за оваа намена. Целиот сообраќај што ќе го напушти лаптопот ќе биде енкриптиран при транзитот. Податоците се испраќаат до апликацијата во Microsoft Azure и се чуваат онолку време колку што е потребно да се изврши пребарувањето. Microsoft Azure апликацијата се поврзува со изолирана инфраструктура, заштитена позади огнен зид (firewall) уред преку енкриптирана Site-to-Site VPN-врска и ги пренесува информациите до дата-центарот во Државниот завод за статистика. Локално инсталираната компонента за интеграција го претвора барањето во потребниот формат согласно со локалната база на податоци (Microsoft SQL Server 2019) и податочниот сет за лицето што е резултат од пребарувањето се враќа на преносниот уред и во продолжение се пополнуваат соодветните полиња во апликативниот интерфејс за лицето-единица на Попис. Истиот метод се применува и при приказ на просторните податоци релевантни за пописниот круг во кој се врши попишувањето. Останатите полиња се предмет на директен внес од страна на попишувачот по добиена информација од попишуваното лице.

Секоја трансакција која вклучува внес, корекција, бришење на податоци или одобрување за нив, се логира во системот, односно се води историјат и верзионирање на секој изменет податок со информација за корисникот кој ја направил модификацијата (внес, измена, бришење или одобрување за дадена акција), временски момент во кој е направена измената и причината за тоа.

**Сл.1 Архитектура на системот**




Три главни карактеристики на системот, т.е. на апликацијата, се: автоматизација, интеграција и стандардизација.

- **Автоматизацијата** значи дека е автоматизиран целиот процес на работа. Поврзувањето на корпоративните ресурси во рамките на организацијата со облак-услугите може да го поедностави и автоматизира процесот во најголема можна мера. Користењето на постоечки податоци за лицата-единици на Попис, користењето на стандардни кодни листи, класификации и номенклатури, како и примената на различни типови на валидации на прибраните податоци се дел од автоматизираниот пристап во работењето.
- **Интеграцијата** подразбира флексибилност, приспособливост и скалабилност на решението. Интеграцијата, од своја страна, подразбира централизирано управување со решението,

централна и автоматска администрација и инсталација на преносните уреди само за таа намена при нивно најавување во системот, како и централизирано управување со корпоративните ресурси во ДЗС.
- **Стандардизација** значи употреба на стандарди онаму каде што е можно и прифаќање на сет од стандардизирани најдобри практики за градење на ИТ-решението.

Системот ги содржи следните модули:
- Модул за администрација на корисници и распределба на пописните кругови по реонски попишувачи и реонски инструктори
- Модул за адресни податоци
- Модул за податоци за зграда
- Модул за податоци за стан
- Модул за список на лица
- Модул за податоци за лица
- Модул за податоци за домаќинство
- Модул за управување со валидациски правила

## IV. БЕЛЕЗИ ЗА НАСЕЛЕНИЕТО ШТО СЕ ПОПИШУВА

### 1. ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Една од важните карактеристики на Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2021г. е степенот до кој може да се спроведе сеопфатна класификација на просторните единици опфатени со Пописот. Географските белези кои се прибираат со Пописот се:
- **Локација на местото на живеење**
- **Урбани и рурални области**
- **Степен на урбанизација**
- **Локација на местото на работа и школување**

Апликативното решение овозможува графички приказ во кој се прикажани просторни податоци релевантни за процесот на попишување на терен.

Прашањата за просторните единици кои се прибираат со процесот на попишување на терен се поврзани со:
- граници на општини, населени места, пописен круг, центроиди на згради со куќни броеви;
- адреси со називи на улици;
- населено место, општина и држава на раѓање;
- место на живеење (населено место, општина и држава) на мајката кога лицето е родено;
- за доселените лица, населено место и општина од која лицето се доселило во местото на живеење и година на доселувањето, а за лицата доселени од странство, годината на доселувањето во Република Северна Македонија и државата од која се доселиле;
- за лицата кои работат или посетуваат училиште - школа надвор од местото на живеење: назив на населеното место и општината во која лицата работат или посетуваат училиште – школа и зачестеноста на враќање во местото на живеење и
- типот на превозното средство со кое патуваат до местото на работа, односно школување и времето потрошено во пат.

### 2. ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

#### 2.1. Пол

Секое лице-единица на Пописот треба да биде евидентирано во Пописот според полот, машки или женски. Полот, заедно со возраста, се основни демографски белези во Пописот кои најчесто се

вкрстуваат со другите белези на населението. Податокот за пол на лицето-единица на Попис автоматски се генерира од ПП база, од податокот за ЕМБГ.

### 2.2 Возраст

Возраста, како еден од основните демографски белези што се прибираат со Пописот, се однесува на навршените години на живот на лицето-единица на Попис.

Податокот за возраста на лицето-единица на Пописот автоматски се генерира од ПП база, од податокот за ЕМБГ.

Во случај лицето-единица на Пописот да нема ЕМБГ (странци присутни во РСМ, лица без документи, бездомници и сл.), податокот за возраста се генерира од податокот за датумот на раѓање. Затоа, од суштинско значење е податокот за возраста на лицето колку што е можно повеќе да биде целосен и точен.

### 2.3 Брачна состојба (законска)

Бракот е со закон уредена заедница на живот на маж и жена во која се остваруваат интересите на брачните другари, семејството и општеството. Брачниот статус се дефинира како (легален) брачен статус на секој поединец и често се нарекува и де јуре статус.

**<u>Прашање: Брачна состојба (законска)</u>**

Одговор се дава според законската брачна состојба на лицето, со избор на еден од понудените одговори.

1. Неженет – немажена
2. Женет - мажена
3. Вдовец - вдовица
4. Разведен - разведена

За лица кои живеат во вонбрачна заедница се зема предвид законската брачна состојба на секое од тие лица, независно од оваа заедница.

За лица помали од 18 години и за сите лица кои никогаш не стапиле во брак се внесува неженет-немажена.

### 2.4 Де факто брачен статус

Де факто брачниот статус е неформална (брачна) заедница на живот на жената и мажот (партнери) кои живеат во исто домаќинство и не се во брак, без оглед на законската брачна состојба на партнерите.

**<u>Прашање: Дали живеете во вонбрачна заедница</u>**

На ова прашање се дава одговор независно од законската брачна состојба на лицето и од возраста на лицата. За лица кои живеат во вонбрачна заедница се зема предвид законската брачна состојба на секое од тие лица, независно од оваа заедница.

### 2.5 Број на живородени деца (вклучувајќи ги и оние што не се живи)

Белегот се однесува само на лицата од женски пол (на возраст од 11 години и повеќе) и се однесува на вкупниот број на живородени деца кои ги родила жената (вклучувајќи ги и децата кои во моментот на Пописот не се живи).

Во вкупниот број на живородени деца нема да се вклучат: усвоените деца, мртвородените деца и децата од партнерот ако е во брачна или вонбрачна заедница и сл.

Прашањето се поставува без оглед на брачната состојба на лицето.

## 3. ЕКОНОМСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Прашањата за економската активност се однесуваат на неделата која му претходи на Пописот, односно неделата од 25 март до 1 април 2021 година, пред критичниот момент на Пописот.

На овие прашања одговараат само лицата на возраст од 15 и повеќе години.

### 3.1 Статус на работната сила

Класификацијата на лицата според состојбата за работната сила дава важни информации за нивната врска со пазарот на трудот.

Лицата се класифицираат во согласност со нивниот статус на работната сила во референтниот период на:

- Работоспособно население (работна сила) - го сочинуваат сите лица на возраст од 15 до 79 години.
- Економски активното население - го сочинуваат вработените и невработените лица (работна сила).

Следејќи ги препораките на ILO, во вработените се вклучени лицата на возраст од 15 години и повеќе кои:

- за време на извештајната недела работеле за пари (во готово или во натура) или за добивка, најмалку 1 час;
- за време на извештајната недела привремено (т.е. поради болест, отсуство, студии, прекин на активноста на деловниот субјект итн.) биле отсутни од работното место, но формално биле вработени;
- помагале на семејниот имот или семејното претпријатие без плата.

**<u>Прашање: Дали во претходната недела (најмалку еден час) сте извршувале каква било работна активност за пари или друг вид надомест, вклучувајќи ја и неплатената активност</u>**

Прашањата за економската активност се однесуваат на неделата која му претходи на Пописот. На прашањата кои се однесуваат на економската активност одговараат само лицата на возраст од 15 и повеќе години.

Во невработените, се вклучени лицата на возраст од 15 до 74 години кои ги исполнуваат следните три услови:

- за време на извештајната недела не работеле (според горенаведените критериуми);
- активно барале работа, т.е. преземале конкретна активност за наоѓање работа;
- биле подготвени да прифатат работа во следните 2 недели по завршувањето на извештајната недела.

**Прашање; Дали сте барале работа во последните четири недели**

1. Да
2. Не

**Прашање: Ако Ви биде понудена работа (ако најдете работа), дали можете да започнете со работа во наредните две недели**

1. Да
2. Не

Економски неактивното население ги вклучува сите лица кои не работеле ниту еден час во извештајната недела, како што се:

- учениците и студентите;
- пензионерите;
- домаќинките (кои извршуваат само активности во своето домаќинство);
- лицата кои се издржувани од други лица или од државата или кои се издржуваат самите со друг вид приходи (ренти, камати).

**Прашање: Наведете ја причината поради која не сте работеле**

1. Ученик/студент
2. Пензионер
3. Домаќинка
4. Неспособен за работа
5. На издржување казна затвор
6. Други неактивни лица

### 3.2 Занимање

Занимањето се дефинира како збир на работи и работни задачи кои се организациски сродни и поврзани, а за нивното вршење се потребни знаење, способност и вештина.
„Занимањето" се однесува на видот на работата што се извршува во главната работна активност на лицето што е вработено, а преку главните задачи и должности на работното место, без оглед на дејноста во која работи или на неговиот економски статус.

**<u>Прашање: Занимање</u>**

Со цел да се добие што поцелосен одговор на ова прашање, треба да се внесе точниот назив на работното место на лицето, независно од неговата школска и стручна подготовка. Треба да се истакне дека лицето за ова прашање се определува според вообичаените задачи што ги извршувало последната недела, а она лице кое последната недела било отсутно од работа, се определува според работите и задачите што обично ги извршува, односно што би ги извршувало кога би било на работа. Ако последната недела извршувало повеќе видови работа, се определува според работата на која поминало најголем дел од работното време. Одговор се дава со избор од Националната класификација на занимањата (НКЗ) 2015, која е подготвена и усогласена според начелата на Меѓународната стандардна класификација на занимањата ISCO-08.

### 3.3 Гранка на економска активност

„Индустрискиот сектор" (гранка на економска активност) се однесува на видот на производството или активноста на институцијата или слични единици во кои се извршува главната работа на вработеното лице.

**<u>Прашање: Дејност</u>**

Одговор се дава со избор од Националната Класификацијата на дејности, (НКД) Рев 2.(2008), вградена во апликацијата. Ако, пак, лицето ја има шифрата на главната дејност, ќе се внесе шифрата.

### 3.4 Економски статус

Класификацијата на вработените според економскиот статус се базира врз Меѓународната класификација за економскиот статус на вработените и гласи:

**<u>Прашање: Економски статус на лицето кое работи</u>**

Одговор се дава со избор на еден од понудените одговори:

1. Вработен
2. Работодавец
3. Вработен за сопствена сметка
4. Неплатен семеен работник
5. Друго

Ова прашање, исто така, се однесува на неделата која му претходи на Пописот.

**Одговор 1 - вработени** се лицата кои, според формалниот или неформалниот и доброволен договор со работодавачот (домашен или странски), работат во земјата или странство, за надомест во вид на плата, провизија, исплата во пари или натура.

Овој одговор се однесува на сите лица кои за време на Пописот се во работен однос, т.е. на лицата кои имаат договор за работа со работодавач на одредено или на неодредено време.

Воедно, се однесува и на лицата кои немаат заснован работен однос, а работат врз основа на други видови договори со работодавачот за надомест во натура или пари, т.е. работат на црно (на пр., келнер во кафе-бар, продавач во бутик, хигиеничар и сл.). Исто така, се однесува и на лицата кои се во работен однос или без работен однос, а извршуваат работи како лица кои чистат влезови во згради, лица кои чуваат деца или постари лица на кои им е потребна нега, лица кои подготвуваат дрва за огрев и сл.

Вработените се класифицирани според дејностите каде што ја вршат својата работа, а во согласност со Националната класификација на дејностите, (НКД) Рев 2.(2008) како и според занимањата што ги извршуваат во својата активност, а во согласност со Националната класификација на занимањата (НКЗ) 2015.

**Одговор 2 - работодавец -** се избира:
- за лицата кои управуваат со сопствено претпријатие (кое е регистрирано како правно лице);
- за лицата кои како сосопственици учествуваат во управувањето, односно водењето на работите на претпријатието (мешовито, задружно или приватно) и притоа вработуваат еден или повеќе работници;
- за лицата кои работат во сопствен дуќан (занаетчиски, трговски, угостителски или друг вид);
- за лицата кои самостојно вршат дејност во вид на занимање (адвокат, стоматолог, филмски работник, вајар и слично).

Првите три наведени категории лица може да вработуваат еден или повеќе работници.

**Одговор 3 - вработен за сопствена сметка** се избира за лицата кои имаат сопствено претпријатие или самостојно вршат дејност и не вработуваат други работници.

**Одговор 4 - неплатен семеен работник** се избира за сите лица кои работат без плата, во претпријатие, дуќан или на земјоделски имот, во сопственост на некој член од нивното домаќинство.

### 3.5 Главен извор на средства за живот

„Главен извор на средства за живот“ се однесува на главниот извор на приходи од кои се финансира личната потрошувачката на секоја личност во текот на одреден референтен период.

Препорачливо е предност да се дава на подолгиот временски период, како што се претходните дванаесет месеци, календарска или финансиска година.

Информациите за „главен извор на средства за живот“ треба да се обезбедат за сите лица, без оглед на нивниот економски статус и занимање.

Податоците за лицата приматели на приходи од редовен работен однос, пензии и социјални трансфери, се обезбедуваат и од ПП база, преку ЕМБГ.

**<u>Прашање : Главни извори на средства на живеење една година пред Пописот (можни се два одговора) и се применува следната класификација:</u>**

1. Плата или друг надомест врз основа на платено работење
2. Приход врз основа на сопствено производство/услуги
3. Приход врз основа на сопственост и други инвестиции
4. Пензии
5. Социјални трансфери
6. Заеми
7. Други извори
8. Нема приход
9. Издржувано лице

## 4. ОБРАЗОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

**4.1 Највисокиот степен на завршено образование** е дефиниран како највисоко ниво според Стандардната класификација на образованието по степени (нивоа), (според ISCED 2013) на успешно завршен степен на образование од страна на лицето. **Највисокиот степен на завршено образование** обично се мери во однос на успешно завршената највисока образовна програма и која најчесто е сертифицирана со призната квалификација.
Преку овој сет на прашања се обезбедуваат и податоци за писменоста и полето на образование.

**Прашање: Највисоко завршено образование (не одговараат лица на возраст под 10 години и лица кои сè уште посетуваат основно училиште)**

Одговор се дава со избор на еден од понудените одговори:

1. Без училиште
   1.1 Писменост
      1.1.1 Да
      1.1.2 Не
2. Незавршено основно училиште
   2.1 Писменост
      2.1.1 Да
      2.1.2 Не
3. Основно училиште
4. Средно училиште/гимназија
   4.1 Поле на образование
5. Виша школа
   5.1 Поле на образование
6. Висока школа, факултет
   6.1 Поле на образование
7. Магистерски студии
   7.1 Поле на образование
8. Докторски студии
   8.1 Поле на образование

Под највисоко завршено образование се подразбира видот на школата со чие завршување лицето стекнало највисок степен на образование. Притоа, не треба да се прави разлика дали школската подготовка е стекната со завршување на редовна школа или школа која ја заменува редовната школа (на пример: училиште за образование на возрасни), односно, дали е стекната со полагање на испити во редовна школа или со завршување на некоја програма за скратено школување. Курсевите кои не даваат свидетелство за редовна школа (на пример: курс за дактилографи, за книговодители, за јазик и слично), не се земаат предвид како одговори на ова прашање, туку се дава податок за претходно завршената школа. Ако лицето посетувало или завршило некоја школа во странство, како одговор треба да се наведе соодветната школа во земјата. Ако тоа не е можно, треба да се внесе соодветниот степен на таа школа, односно дали е основно или средно училиште, виша или висока школа, факултет, академија.

## 5. МИГРАЦИИ

### 5.1 Земја на раѓање

Земја на раѓање е државата во која се наоѓа местото на раѓање на лицето. Земјата на раѓање се користи за да се направи разлика меѓу лицата родени во земјата и лицата родени во странство. Треба да се напомене дека земјата на раѓање за едно лице не мора да е иста како и неговата или

нејзината земја на државјанство. Земјата на раѓање може да се однесува и на државата во која се случил настанот - раѓањето, како и на земјата во која мајката имала вообичаен престој во моментот на раѓањето, ако тоа е различно.

**5.2 Државјанство**

„Државјанство“ е дефинирано како посебна правна врска меѓу поединецот и неговата/нејзината држава, стекнато со раѓање или натурализација, без разлика дали со изјаснување, право на избор, брак или на друг начин, во согласност со националното законодавство. Државјанството се користи за идентификација на населението составено од странски државјани, а тоа се оние лица кои живеат во земјата, но не поседуваат државјанство на земјата во која се врши Пописот.

**Прашање: Државјанство (прашањето се однесува на сите лица кои се попишуваат)**

Одговор се дава со избор на еден од понудените одговори:

1 Државјанин на Република Северна Македонија
2 Државјанин на Република Северна Македонија и друга држава
3 Државјанин на друга држава
4 Лице без државјанство

**5.3 Лица кои некогаш живееле во странство и година на пристигнување во земјата**

Овој белег се однесува на сите лица кои кога било живееле надвор од сегашната земја на вообичаено живеење, без оглед на земјата на раѓање и државјанството, и независно од другите промени на местото на вообичаено живеење кои настанале внатре во земјата. Со цел да се соберат информации за овој белег, лицата треба да бидат класифицирани во зависност од тоа дали тие некогаш имале вообичаено живеалиште во странство или не. Информациите за овој белег овозможуваат идентификација на сите меѓународни мигранти. За сите оние кои некогаш живееле во странство, исто така, се собираат податоци за годината на пристигнување во земјата.

**Прашање: Колку долго сте присуни на адресата (местото) на попишување**

Како одговор на прашањето се запишува вкупното време на престојот на лицето во местото на Пописот. Времетраењето се внесува во предвидените полиња за месеци и години.

**5.4 Место на раѓање**

Местото на раѓање е многу важно за анализа на внатрешните миграции, но и на доселувањата во земјата. Местото на раѓање може да се евидентира според географската единица каде што се случило тоа или според местото на вообичаено живеење на мајката во моментот на раѓањето. Некои земји, како што тоа беше случај и со нашата, во претходните пописи прибираа информации според двата критериума.

Во овој Попис, под „Место на раѓање“ се подразбира населеното место во кое вообичаено живеела мајката во моментот на раѓањето на лицето-единица на Попис. За лицата родени во земјата, треба да се прибираат информации за најмалата административна единица (населено место). За лицата родени надвор од земјата, доволно е да се приберат информации за земјата на раѓање.

**Прашање: Место на раѓање (место на живеење на мајката кога е родено лицето)**

Ако мајката на попишуваното лице живеела во Република Северна Македонија кога лицето е родено, се запишува сегашниот назив на населеното место и општината во која мајката живеела во времето кога е родено лицето.

Ако лицето не го знае називот на општината, треба да се наведе назив на некое место во близина (на пример: Бања кај Кочани итн.).

Ако лицето е родено во странство, а неговата мајка живеела во Република Северна Македонија кога лицето се родило, се запишува називот на населеното место и општината во која живеела мајката во Република Северна Македонија.

**5.5 Претходно место на живеење и датум на пристигнување во сегашното место**
Овој белег дава информации за географските и временските модели на миграциските движења според моменталното место на живеење.

**Прашање: Од каде и кога сте се доселиле на оваа адреса (местото на живеење) – последна доселба**

Ако лицето-единица на Попис не живее непрекинато на адресата на Попис, односно таму се доселило од некоја друга адреса во истото или од друго населено место во Република Северна Македонија, односно од странство, се запишува населеното место и општината во Република Северна Македонија од каде што се доселило лицето (ако лицето повеќепати се доселува на истата адреса, се запишува населеното место на последното доселување), односно на странската држава, ако доселувањето е од странство.

## 6. ЕТНОКУЛТУРНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

**6.1 Припадност кон етничка заедница**

Припадноста кон етничка заедница се дефинира како чувство на припадност на лицето-единица на Попис кон одредена етничка заедница. Ова е едно од најчувствителните прашања во Пописот и никој со ништо не смее да влијае врз лицето-единица на Попис во давањето на одговорот на ова прашање.

**Прашање: Етничка припадност**

Попишувачот е должен на ова прашање да го внесе одговорот на лицето кое се изјаснило за својата припадност кон етничка заедница. Попишувачот не треба да ги чита понудените одговори, туку само го прашува лицето за неговата припадност кон етничка заедница. Ако етничката припадност за која лицето се изјаснило ја нема во понудените одговори, тогаш одговорот треба да се запише текстуално.

Лицето може од приватни причини и да не се изјасни по ова прашање. Во тој случај, попишувачот на ова прашање ќе го избере одговорот „Не се изјаснил“.

За деца до 15 години, одговор на ова прашање дава еден од родителите, посвоителот или старателот.

**6.2 Религија**

Религијата, генерално, се смета како збир на верувања и практики кои вообичаено вклучуваат признавање на божество или вишо суштество, сила или принцип, според кој луѓето ги водат своите животи во практична и во морална смисла.

**Прашање: Религиска припадност ( вероисповед)**

Согласно со член 19 од Уставот на Република Северна Македонија, на граѓаните им се гарантира слобода на вероисповед, што значи граѓаните можат слободно и јавно да ги изразуваат своите верски и духовни верувања.

Лицето што се попишува може по сопствена волја да даде одговор на ова прашање, независно дали е запишан во книгата на припадниците на некоја вероисповед.

На ова прашање, попишувачот е должен да го запише одговорот за кој се изјаснило лицето, т.е. попишувачот не смее да влијае врз граѓаните да се изјаснуваат за вероисповедта против своја волја.

Попишувачот е должен и на ова прашање да го внесе одговорот со кој лицето се изјаснило за својата религиозна припадност. Попишувачот не треба да ги чита понудените одговори, туку само го прашува лицето за неговата религиозна припадност. Ако религиозната припадност за која се изјаснило лицето ја нема во понудените одговори, тогаш одговорот треба да се запише текстуално.

За деца до 15 години одговор на ова прашање дава еден од родителите, посвоителот или старателот.

Лицето може од приватни причини и да не се изјасни по ова прашање. Во тој случај се внесува „Не се изјаснил“.

Ако лицето се изјасни дека не е верник, се внесува „Не е верник“ или „Атеист”.

**6.3 Јазик**

Повеќејазичните земји и земјите со значително доселено население може да прибираат податоци за јазиците кои во моментот се зборуваат и пишуваат, како дополнителен начин за мерење на културниот идентитет и интеграција. Покрај тоа, таму каде што земјата има повеќе од еден официјален јазик, може да биде потребно да се вклучат прашања за користењето на службените јазици при донесувањето закони и политики. Во зависност од потребите за податоци за користењето на еден или повеќе јазици, се препорачуваат следниве концепти:

а) Мајчин јазик, дефиниран како прв јазик кој се зборува во раното детство во домот;

б) Главен јазик, дефиниран како јазик кој лицето најдобро го познава;

в) Вообичаен јазик (јазици), дефиниран како јазик на кој најчесто се зборува во домот и/или на работа;

г) Познавање на јазикот (јазиците) се дефинира како способност да зборува и/или да пишува на еден или на повеќе различни јазици.

**<u>Прашање: Мајчин јазик</u>**

Под мајчин јазик се подразбира јазикот што лицето научило да го зборува во неговото најрано детство, односно јазикот што лицето го смета за свој мајчин јазик, без разлика дали тој јазик сè уште го користи или не.

Ако во домот на лицето во неговото најрано детство се зборувале повеќе јазици, како одговор ќе се впише јазикот кој најчесто се зборувал во неговиот дом.

**<u>Прашање: Јазик на кој вообичаено се зборува во домаќинството</u>**

Вообичаен јазик е јазикот кој лицето секојдневно или најчесто го зборува во сегашниот дом. Ако лицето во сегашниот дом зборува два или повеќе јазици, како одговор се впишува јазикот што лицето најчесто го користи во секојдневната комуникација.

За деца помали од 15 години, одговор на ова прашање дава еден од родителите, посвоителот или старателот. За глуви, неми, глувонеми и други лица кои поради здравствени причини не се во можност да говорат некој говорен јазик, се запишува јазикот кој најчесто се користи во комуникацијата во домаќинството.

Ако јазикот за кој се изјаснило лицето го нема во понудените одговори, тогаш одговорот треба да се запише текстуално.

## 7. ИНВАЛИДИТЕТ

**7.1 Статус на инвалидитет**

Статусот на инвалидитет го карактеризира населението како лица со и без попреченост. Лицата со посебни потреби се дефинираат како лица кои се изложени на поголем ризик во споредба со општата популација, соочувјќи се со пречки во извршувањето на одредени задачи или во учеството во активности поврзани со нивните општествени улоги. Оваа група вклучува лица кои се соочуваат со ограничувања во своите основни функционални активности, како што се одењето или слушањето, дури и ако таквите ограничувања се намалуваат со користење на помагала, поддржувачка средина или многубројни ресурси.

Кај овие лица не мора да се јават ограничувања во извршувањето на задачите како што се капење или облекување или учество во активности како што се работење или одење во училиште, бидејќи потребните приспособувања се направени за лицето или во средината. Овие лица, сепак, ќе

се сметаат дека се изложени на поголем ризик од пречки во активностите отколку општото население поради присуството на ограничувањата во своите основни функционални активности и поради проблемите при отсуството на приспособувањата во средината каде што живеат или дејствуваат.

За жал, здравствениот систем и социјалните институции не располагаат со податоци за сите лица кои имаат одредени ограничувања, а со оглед на тоа што со Пописот се опфаќа целата популација, податоците кои ќе се приберат со овој сет на белези ќе дадат добра основа за градење квалитетни политики и практики, со што би се обезбедиле услови за што е можно понормално функционирање на лицата со инвалидитет.

Прашањата за инвалидитет не се прибираат со цел да се утврди здраствената состојба на лицата, туку да се увиди како тешкотиите кои лицата ги чувствуваат влијаат врз нормалното извршување на секојдневните активности, односно врз нормалното одвивање на нивниот социјален живот. Со овој сет на прашања не се опфаќаат старите лица кои имаат одредени тешкотии во извршувањето на секојдневните активности единствено поради старост, како и лицата со привремен инвалидитет, односно лицата кои имаат привремени ограничувања во извршувањето на секојдневните активности.

Сетот на прашања за лицата со попреченост е во согласност со препораките на Вашингтонската група за прашањата поврзани со тешкотиите со кои се соочуваат овие лица.

**Прашање: Дали поради Вашата здравствена состојба (болест, инвалидитет) имате потешкотии што Ве попречуваат во извршувањето на секојдневните активности**

**Прашање: Вид на потешкотии**

1. Со движењето (одење, качување по скали)
2. Со видот (иако носи очила)
3. Со слухот (иако носи апаратче за слушање)
4. Комуникација
5. Други потешкотии

Кај ова прашање одговор се дава за сите пет типа здравствени потешкотии со кои попишуваното лице можеби се соочува, како и за степенот на влијанието на состојбата врз извршувањето на секојдневните активности на попишаното лице.

**Прашање: Која е главната причина за наведените потешкотии**

Лицето треба да ја наведе причината поради која се соочува со наведените тешкотии.

1. Вродено заболување
2. Болест
3. Повреда при работа
4. Професионално заболување
5. Сообраќајна несреќа
6. Друго

**Прашање: Дали лицето користи помагало или помош од друго лице при извршувањето на секојдневните активности**

Лицето треба да наведе дали му е неопходна помош од друго лице или од помагало при извршувањето на секојдневните активности.

## 8. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДОМАЌИНСТВАТА И СЕМЕЈСТВАТА

Домаќинството, според нашата пракса, е економска категорија и се дефинира како група на лица кои живеат заедно, во ист стан, и заеднички ги трошат своите приходи. Домаќинствата може да бидат самечки (само едно лице) или повеќечлени. Тие може да бидат семејни (едно или повеќе семејства), несемејни (составени од лица кои не се во семејни релации) или комбинирани (составени од лица кои формираат семејство и лица кои не се членови на семејство).

Семејството, пак, е социолошка категорија и е дефинирано со закон. Семејството може да биде составено од најмалку две лица (нема едночлено семејство). „Семејство" е дефинирано како заедница на две или повеќе лица кои живеат во исто домаќинство и кои се поврзани преку брак, друг вид на регистрација или договорна заедница (т.е. невенчани) партнери или како родител и дете/деца. Така, семејството се состои од пар без деца, или пар со едно или повеќе деца, или самохран родител со едно или повеќе деца. Кај семејствата со деца, важен момент е децата никогаш да не биле во брак.

### 8.1 Односи помеѓу членовите на домаќинството

Податоци за релациите во домаќинството се прибираат само за приватните (индивидуални) домаќинства. За колективните домаќинства не се прибираат ваков тип податоци. Односите помеѓу членовите во приватното домаќинство се утврдуваат врз основа на релациите со еден член на домаќинството, кој добива статус на „Носител на домаќинсвото". За сите останати членови на домаќинството се утврдува односот спрема тоа лице, на пример, сопруга/сопруг, син/ќерка, татко/мајка, друг роднина, нероднина итн.

**<u>Прашање: Положба во домаќинството</u>**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 01 | Лице на кое се води домаќинството | 07 | Внука, внук |
| 02 | Сопруга, сопруг | 08 | Снаа, зет |
| 03 | Партнерка, партнер во невенчана заедница | 09 | Баба, дедо |
| 04 | Ќерка, син, посвоено дете, паштерка, посинок | 10 | Сестра, брат |
| 05 | Мајка, татко | 11 | Останати роднини (вујна-вујко, стрина-стрико, тетка-тетин, внук од брат/сестра итн.) |
| 06 | Свекрва, свекор, тешта, тест | 12 | Нероднини |
| **13 Не припаѓа на домаќинството** | | | |

**Шифри за однос спрема лицето на кое се води домаќинството /референтно лице**

**<u>Прашање: Број на членови на домаќинството</u>**

Се внесува вкупниот број на лица кои го сочинуваат домаќинството (во согласност со дефиницијата за домаќинство). Како членови на домаќинството може да се бројат само лицата кои се вклучуваат во категоријата „вкупно" или „резидентно" население.

**<u>Прашање: Положба во семејството</u>**

Ако лицето кое треба да се попише припаѓа на семејството (на едно од семејствата) во домаќинството, треба да се избере една од шифрите за положбата во семејството.

| Шифри за сопружниците/родителите /партнерите | | Шифри за децата | |
|---|---|---|---|
| 01 | Сопруг во венчана брачна заедница | 07 | Дете на двајцата родители што се во венчана брачна заедница и двајцата живеат во истото семејство |

| Шифри за сопружниците/родителите /партнерите | | Шифри за децата | |
|---|---|---|---|
| 02 | Сопруга во венчана брачна заедница | 08 | Дете на двајцата родители што се во невенчана заедница и двајцата живеат во истото семејство |
| 03 | Партнер во невенчана заедница | 09 | Дете само на сопругот или на невенчаниот партнер кој живее во истото семејство |
| 04 | Партнерка во невенчана заедница | 10 | Дете само на сопругата или на невенчаната партнерка која живее во истото семејство |
| 05 | Сам татко со дете/деца | 11 | Дете на сам татко (без сопруга или партнерка во семејството) |
| 06 | Сама мајка со дете/деца | 12 | Дете на сама мајка (без сопруг или партнер во семејството) |
| 13 | Не припаѓа на семејството | | |

**Шифри за положбата на лицето во семејството**

**8.2 Тип на семејство**

Во согласност со дефиницијата за семејство, се разликуваат следните типови семејства:

- брачен пар без деца;
- брачен пар со дете/деца кои никогаш не биле во брак;
- родители (партнери што не се во брак) со дете/деца кои никогаш не биле во брак;
- мајка со дете/деца кои никогаш не биле во брак;
- татко со дете/деца кои никогаш не биле во брак.

**8.3 Големина на семејството**

Семејствата треба да се класифицираат по големина, според вкупниот број на членови и според вкупниот број на деца кои живеат во семејството.

**8.4 Тип на индивидуално домаќинство**

Според типот, приватното (индивидуално) домаќинство може да се класифицира како самечко, повеќечлено семејно (со едно или повеќе семејства) домаќинство или повеќечлено несемејно домаќинство.

**8.5 Големина на индивидуално домаќинство**

Индивидуалните домаќинства се класифицираат и по големина, според вкупниот број членови на домаќинството (едночлено, двочлено, тричлено итн.).

**8.6 Основа за користење на станот од страна на домаќинствата**

Овој белег се однесува на уредбите со кои индивидуалното домаќинство ја зафаќа целата или дел од станбената единица.

<u>**Прашање: Основ по кој домаќинството го користи станот**</u>

Одговор се дава со избор на еден од понудените модалитети:

1 Стан населен од сопственици
2 Стан населен од сосопственици
3 Изнајмен или закупен стан
4 Друго

**1. Стан населен од сопственици**

Овој одговор ќе се внесе во случаите кога еден или повеќе членови на домаќинството е/се сопственик/ци на целиот стан.

**2. Стан населен од сосопственици**

Во случаите кога во еден стан живеат две или повеќе домаќинства и како сосопственици на станот се појавуваат членови од двете (или барем две домаќинства), кај домаќинствата во кои живеат сосопствениците ќе стои овој одговор.

**3. Изнајмен или закупен стан**

Овој одговор ќе се внесе во случаите кога домаќинството закупило стан: од приватна сопственост, од локалната или централната власт, од мешовита сопственост или станот го има добиено од заедницата како социјален стан.

**4. Друго**

Овој одговор се внесува за домаќинства кои живеат во други видови простории или објекти кои не се станови во смисла на дефиницијата за стан, но за време на Пописот се користат за живеење (други населени простории, населени деловни простории, импровизирани живеалишта и колективни живеалишта).

## 9. ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Последниот Попис на земјоделски стопанства беше спроведен во 2007 година и се наметнува потребата на земјата од спроведување на ваков попис набрзо по спроведувањето на Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2021. Пописот во 2021 година ќе биде искористен да се соберат одредени податоци за домаќинствата ангажирани во производство за сопствена сметка во земјоделството. Оваа информација е корисна за да се овозможи понатамошна анализа на Пописот на населението поврзана со земјоделството и за употреба како рамка за следниот земјоделски попис или анкетните истражувања поврзани со земјоделското производство.

### 9.1 Производство за сопствена сметка во земјоделството и карактеристики на сите земјоделски активности во текот на минатата година

**<u>Прашање: Дали домаќинството обработува земјоделско земјиште (сопствено или изнајмено)</u>**

Во зависност од одговорот на лицето кое ги дава податоците за домаќинството (согласно со насоките во Упатството ), се внесуваат одговорите : Да или Не.

Ако одговорот е „Не“ - се завршува со прашалникот за домаќинство.

Ако домаќинството одговори со „Да“ - понатаму се одговара на прашањата кои се однесуваат на видот на обработливото земјиште.

**<u>Прашање: Колку земјиште обработувате - посебно се впишува вкупната површина на обработливото земјиште по категории, и тоа:</u>**

1. Ораници и бавчи
2. Овоштарници
3. Лозја
4. Ливади и пасишта
5. Одгледување на печурки

Се попишува вкупната обработлива површина на земјиштето без оглед на тоа каде се наоѓа, на територијата на општината каде што живее домаќинството или на територијата на друга општина во Република Северна Македонија.

Ако на територијата на која се извршува Пописот се употребуваат локални мерки за површина, тогаш попишувачот ги пресметува со помош на таблица за претворање на локалните мерки во хектари и ари и ги впишува во соодветните полиња.

**<u>Прашање: Дали домаќинството  располага со добиток, живина и пчелни семејства</u>**

Се попишува добитокот, живината и пчелните семејства со кои располага домаќинството во времето на Пописот.

Во областите каде што добитокот во текот на пролетта и летото редовно се изведува на пасење или секоја година се праќа во други домаќинства заради пасење, се попишува кај сопственикот.

**Понудени модалитети за одговор:**

1. **<u>Говеда</u>** <u>(вкупно)</u> - Во говеда спаѓаат сите категории на говеда, без оглед на нивниот пол, староста и намената на чување: телиња, јуниња, крави и стелни јуници, волови, бикови и други пораснати грла.
2. **<u>Свињи</u>** <u>(вкупно)</u> - Свињи се сите категории на свињи, без оглед на нивниот пол, староста и намената на чување: прасиња, назимничиња, маторици и спрасни назимки, нерези и други пораснати свињи.
3. **<u>Овци</u>** <u>(вкупно)</u> – Овци се сите категории на овци, без оглед на нивниот пол, староста и намената на чување: јагниња, шилежиња, овци за приплод, овни и други пораснати овци.
4. **<u>Кози</u>** <u>(вкупно)</u> – Се впишува бројот на сите категории кози, вкупно, без оглед на нивниот пол и староста, млади, пораснати, машки и женски грла.
5. **<u>Порасната живина од сите видови (</u>**<u>вкупно)</u> – Се впишува вкупниот број на порасната живина од двата пола (кокошки, пајки, гуски, мисирки и бисерки). Не се впишува подмладокот стар до еден месец.
6. **<u>Пчелни семејства (</u>**<u>вкупно)</u> – Се впишува вкупниот број на пчелни семејства.

## 10. ЖИВЕАЛИШТА, СТАНОВИ И УСЛОВИ ЗА ДОМУВАЊЕ

### 10.1 Вид на живеалиште

Видот на живеалиштето се однесува на населените конвенционални станови, другите единици на домување и на колективните живеалишта.

**<u>Под живеалиште</u>** се подразбираат оние единици на домување кои се вообичаено населени од едно или повеќе лица. **Единицата на домување** се дефинира како одделно и независно место наменето за живеење на едно домаќинство или ненаменето за живеење, но се користи како вообичаено место за живеење на едно домаќинство за време на Пописот.

Живеалиштата се делат на:

1. Конвенционални станови (населени, сезонски или втори станови или ненаселени станови);
2. Други единици на домување (штала, амбар, гаража, магацин, шатор, вагон, караван итн.);
3. Колективни живеалишта (хотел, куќа со соби за издавање, институции, камп).

### 10.2 Услови за домување

Условите за домување се однесуваат на целото население и се однесуваат на типот на домувањето во кое лицето вообичаено живее за време на Пописот. Ова ги опфаќа сите лица кои за време на Пописот вообичаено живеат во различни типови живеалишта, вклучувајќи ги и бездомните лица.

**<u>Прашање: Услови за домување</u>**

Одговор се дава со избор на еден од можните 4 модалитети:

1 Домаќинства што живеат во стан

2 Домаќинства што живеат во други единици на домување (шупа, вагон, шатор...)

3 Колективни домаќинства

4 Бездомници, лица што не живеат во никаква категорија на живеалишта

**Модалитетот 1 и 2 -** Домаќинства што живеат во стан, односно Домаќинства што живеат во други единици на домување, се избира кога во станот/живеалиштето живее домаќинство во смисла на дефиницијата за домаќинство.

**Модалитетот 3 -** Колективно домаќинство се избира за заедница на лица кои живеат во установи за трајно згрижување на деца и возрасни, во манастири и во болници за сместување на неизлечиви болни.

**Модалитетот 4** - Бездомници се користи кога како единица на Попис се опфатени лица (поединци) или домаќинства кои немаат никакво живеалиште.

**Статус на населеност на конвенционалниот стан**

Статусот на населеност покажува дали конвенционалниот стан е место на вообичаено живеење на едно или повеќе лица. Станот кој ја исполнува дефиницијата за стан, може да се користи за најразлична намена, но првенствено мора да биде наменет за живеење.

**Прашање: Користење (статус на населеност) на станот**

Одговор се дава со избор на еден од понудените одговори.

1. Населени станови
   - 1.1. Само за живеење
   - 1.2. За живеење и вршење дејност
2. Ненаселен (празен) стан
   - 2.1. Празен стан
   - 2.2. За вршење дејност
   - 2.3. За одмор и рекреација
   - 2.4. Во време на сезонски работи во земјоделството

Статусот на населеност се однесува на тоа дали конвенционалниот стан е населен за време на Пописот или не. За ненаселените станови (празни или за друга намена) се наведува причината зошто не се населени. Во поглед на статусот на населеност, предложени се следниве одговори:

**1. Населени конвенционални станови:**

**1.1. - Само за живеење -** се избира за конвенционален стан кој го користат едно или повеќе домаќинства во текот на целата година за постојано живеење;

**1.2. - За живеење и вршење дејност -** се избира ако во станот што се користи за живеење се врши и некаква дејност (кројачка, фризерска, чевларска и сл. или се издаваат соби на туристи за ноќевања; или, пак, во станот е сместена адвокатска канцеларија, ателје, забна ординација, претставништво на некои деловни субјекти и друго).

**2. Ненаселени конвенционални станови без лица во време на Пописот :**

**2.1. - Празен стан -** се избира за конвенционален стан кој е празен поради тоа што е нов и уште невселен (иако е дозволено вселување) или е испразнет поради преселување, адаптација, поправка и сл., како и други станови празни и невселени од други причини (сопственикот на станот живее во друг стан или на друго место, а овој стан не го користи ниту го издава; сопственикот на станот е починат, а наследниците не го издале станот ниту го користат повремено итн.). Овие станови се попишуваат само ако се градежно исправни или со релативно мали поправки може да се оспособат за користење. Не треба да се попишуваат напуштените станови во трошни куќи и иселените станови поради потопување на населеното место, поради рушење или лизгање на земјиштето.

**2.2. - За вршење дејност -** се избира за стан во кој никој не живее, туку во целост се користи за вршење на некоја дејност, иако не е градежно преправен (адаптиран) во работна просторија, како и за станови што исклучиво се користат за издавање на туристи.

**2.3. - За одмор и рекреација** (во викенд-куќа, семејна куќа или во друг вид зграда) **-** се избира за стан кој се користи исклучиво за одмор и рекреација, било повремено, било повеќе месеци во годината. Ваквиот стан може да се наоѓа во посебна куќа (вила), во семејна куќа или во некој друг вид зграда. Ако станот наменет за одмор и рекреација, во времето на Пописот во целост се користи за постојано живеење, тогаш станот се попишува како стан „само за живеење”.

**2.4. - Во време на сезонски работи во земјоделството -** се избира за станови кои се користат за престој во време на извршување на некои земјоделски работи во населеното место каде што се наоѓа тој стан.

Ако се оцени дека одреден стан би можел да се вброи во некој од одговорите на ова прашање, а за време на Пописот е населен како живеалиште на некое домаќинство, тогаш тој стан ќе се попише како конвенционален стан „само за живеење” (одговор 1 од ова прашање).

**<u>Прашање: Вид на сопственост</u>**

Овој белег се однесува на типот на сопственоста на становите, а не на земјиштето на кое се наоѓаат становите.

Одговор се дава со избор на еден од понудените модалитети:

1 Приватна
2 Државна
3 Мешовита
4 Непозната

**Модалитетот 1 -** приватна сопственост се избира за стан кој е во сопственост на граѓанин или граѓанско-правно лице (станови во сопственост на цркви и други граѓанско-правни лица)

**Модалитетот 2 -** државна сопственост се избира за стан кој е во сопственост на државата или во сопственост на единиците на локалната самоуправа

**Модалитетот 3** – мешовита сопственост се избира за стан кој е во сопственост на акционерско друштво, мешовито претпријатие или здружение

**Модалитетот 4 -** непозната сопственост се избира кога на лицето кое ги дава податоците не му е познат одговорот.

**10.3 Број на станари**

Бројот на станари е бројот на лица на кои станот, односно живеалиштето им е вообичаено место на живеење.

**<u>Прашање: Број на лица/ членови на домаќинството</u>**

Се внесува вкупниот број на лицата кои го сочинуваат домаќинство (во согласност со дефиницијата за домаќинство).

**10.4 Корисна површина и/или број на соби на единицата на домување**

Корисната површина е дефинирана како „површина на подот мерена внатре од надворешните ѕидови, исклучувајќи ги ненаселените подруми и тавани и сите заеднички простории во зградите со повеќе станови“.

**<u>Прашање: Вкупна површина на станот (во $m^2$)</u>**

Одговор на ова прашање се дава со внесување на вкупната површина на целиот стан.

Површина на станот претставува збир на корисните површини на сите простории во станот вклучувајќи ги и лоѓиите (75 % од површината на лоѓијата), покриените тераси (50 % од површината на терасата), балконите и отворените тераси (25 % од површината на балконот или на отворената тераса).

Во површината на станот се вклучуваат и собите кои во објаснувањето за „соба” се наведени како простории издвоени од станот како целина.

Во површината на станот се вклучуваат и бањата и клозетот кои се наоѓаат надвор од станот како градежна целина и тоа само во случаите кај кои овие простории ги нема во станот и ако се опремени со соодветна опрема и инсталации.

**10.5 Стандардна густина на населеност**

Овој белег подразбира површина од станот односно живеалиштето (изразена во $м^2$) по лице, жител на станот. Се изведува како количник од податокот за површината на станот и податокот за бројот на станарите.

**<u>Прашање: Вкупен број на соби во станот (со површина поголема од 6 $m^2$)</u>**

Одговор се дава со внесување на вкупниот број соби кои се со површина на подот поголема од 6 $m^2$.

**Дефиниција за соба**

**Соба** е просторна единица на еден стан наменета за живеење која е одделена од другите простории во станот со постојани ѕидови, има директна дневна светлина, а површината на подот изнесува најмалку 6 $m^2$. Под директно дневно светло се подразбира светлото кое се добива низ прозорецот на самата просторија, а доаѓа од отворен простор: од улица, од двор, тераса или светларник.

Собите помали од 6 $m^2$ не се искажуваат во вкупниот број на соби, но нивната квадратура се вбројува во вкупната квадратура на станот.

Во бројот на соби се вклучува и собата што е одвоена од главните простории на станот.

Кујната, доколку ја има како посебна просторија во станот, се исклучува од бројот на соби и се одговара на посебно прашање.

**Прашање: Кујна во станот**

1. Има
2. Има, надвор од станот
3. Нема

**10.6 Систем за снабдување со вода**

Потребно е да се прибираат информации за системот за снабдување со вода за сите видови единици на домување, но особено за системот за снабдување со вода на населените конвенционални станови.

**<u>Прашање: Начин на кој домаќинството се снабдува со вода за пиење</u>**

Ако домаќинството користи повеќе начини за снабдување со вода за пиење, тогаш како одговор се наведува начинот кој е претежно користен.

Кога домаќинството се снабдува со вода за пиење на начин наведен под шифра 01 и на начин наведен под шифра 02, предност се дава на одговорот 01.

Ако одговорите 01 или 02 се појават во комбинација со друг одговор, тогаш предноста се дава на одговорот 01 или 02.

Во случаите кога повеќе домаќинства се снабдуваат со вода за пиење од ист бунар, извор, улична чешма и слично, тогаш за секој запис од секое домаќинство посебно се дава истиот одговор.

**Начини на снабдување со вода:**

01 Вода во станот со приклучок на јавен водовод
02 Вода во станот со приклучок на сопствен хидрофор
03 Чешма во дворот приклучена на јавен водовод
04 Улична чешма со вода од јавен водовод
05 Улична чешма со вода од посебен извор
06 Копан бунар (бунар изѕидан од камен, тула или обложен со слој од глина со дебелина до 30 см, односно изѕидан со бетонски прстени)
07 Дупчен (цевен бунар), односно бунар од кој водата се добива со набивање на цевка до водоносниот слој од земјата
08 Цистерна (резервоар за вода) со филтер, т.е. комора за пречистување дождовница (капавица) и други атмосферски врнежи

09 Цистерна (резервоар за вода) без филтер
10. Флаширана вода

**10.7 Опременост со тоалет**

Потребно е да се прибираат информации за опременоста со тоалет за сите видови единици на домување, но особено за опременоста со тоалет на населените конвенционални станови.

**Прашање: Тоалет**

Одговор се дава со избор на еден од понудените модалитети:

1 Има
2 Има, надвор од станот
3 Нема

Тоалетот е една од помошните простории во станот која треба да биде опремена со клозетска школка, со казанче за промивање и мијалник (ако служи и како бања, тогаш треба да ги содржи и другите елементи наведени во модалитетот „Бања”), инсталации за водовод и канализација, без оглед на тоа дали тие се поврзани со некои од приклучоците за довод и одвод на вода.

Со **модалитетот 1** се одговара кога станот како градежна целина содржи тоалет како помошна просторија.

Со **модалитетот 2** се одговара кога станот како градежна целина не содржи тоалет, туку тој е надвор од станот (ако постои тоалет и во станот и надвор од него, тогаш за одговор ќе се избере модалитетот 1).

Со **модалитетот 3** се одговара кога станот нема тоалет ниту во својот состав ниту надвор од содржината на станбената целина.

**10.8 Опременост со бања**

Потребно е да се прибираат информации за опременоста со бања за сите видови единици на домување, но особено за опременоста со бања на населените конвенционални станови.

**Прашање: Бања**

Одговор се дава со избор на еден од понудените модалитети:

1 Има
2 Има, надвор од станот
3 Нема

Бањата е една од помошните простории во станот која треба да биде опремена со када или туш-када (ако служи и како тоалет, тогаш треба да ги содржи и другите елементи наведени во модалитетот „Тоалет”), инсталации за водовод и канализација, без оглед на тоа дали тие се поврзани со некои од приклучоците за довод и одвод на вода.

Со **модалитетот 1** се одговара кога станот како градежна целина содржи бања како помошна просторија.

Со **модалитетот 2** се одговара кога станот како градежна целина не содржи бања, туку таа е надвор од станот (ако постои бања и во станот и надвор од него, тогаш за одговор ќе се избере модалитетот 1).

Со **модалитетот 3** се одговара кога станот нема бања ниту во својот состав ниту надвор од содржината на станбената целина.

**10. 9 Начин на греење**

Потребно е да се прибираат информации за начинот на греење на населените конвенционални станови и другите единици за домување.

**Прашање: Начин на греење на домаќинството**

Одговор се дава со избор на еден од понудените модалитети.

**Начин на греење на домаќинството**

1. Централно парно греење
2. Парно греење со сопствена инсталација
   - 2.1 На електрична енергија
   - 2.2 На огревно дрво
   - 2.3 На јаглен
   - 2.4 На пелети
   - 2.5 На нафта
   - 2.6 Гасовити горива (природен гас и други, вклучувајќи ги и гасовите претворени во течни горива)
   - 2.7 Други неспомнати видови горива
3. Греење со печка
   - 3.1 На електрична енергија
   - 3.2 На огревно дрво
   - 3.3 На јаглен
   - 3.4 На пелети
   - 3.5 На нафта
   - 3.6 Гасовити горива (природен гас и други, вклучувајќи ги и гасовите претворени во течни горива)
   - 3.7 Други неспомнати видови горива
4. Климатизер
5. Други неспомнати видови горива и енергија (сончева, геотермална и друго)
6. Без греење

Ова прашање се однесува на начинот на кој секое домаќинство го загревало станот, односно на видот на огревниот материјал кој е користен во текот на последната грејна сезона.

Прашањето содржи три главни групи на модалитети, и тоа:

**1. Централно парно греење**

Овој модалитет подразбира дека станот (или дел од станот) се загрева од градска или реонска топлана преку градска или реонска дистрибутивна мрежа, со инсталации за парно греење.

**2. Парно греење со сопствена инсталација**

Оваа група на модалитети подразбира дека станот (или дел од станот) се затоплува преку сопствена инсталација на парно греење која не е поврзана на централна дистрибутивна мрежа, туку од приватно инсталиран котел за парно греење на електрична енергија, на цврсти, течни или гасовити горива и кој може да грее еден или повеќе станови.

**3. Греење со печка**

Оваа група на модалитети подразбира дека станот (или дел од станот) се затоплува со една или повеќе печки кои како енергенс користат електрична енергија, цврсти, течни или гасовити горива. Притоа, под поимот печка на електрична енергија се подразбираат и различни грејни тела (греалки во вид на радијатори, панели и сл.) и климатизер (обични или инверторски), кои како енергенс користат електрична енергија.

Домаќинството може да го загрева станот (или дел од станот) користејќи комбинација од повеќе дадени модалитети. Во ваков случај се избира модалитетот кој се користи најмногу или најчесто или со кој се загрева најголем простор во станот.

**4. Друг вид на загревање**

Овој модалитет вообичаено се евидентира кај импровизираното живеалиште кое, освен тоа што може да било загревано со печка, може да се загревало и со импровизирано огниште или поинаку од претходно наведените можности.

**10.10 Станови според видот на зградата**

**За зграда** се смета секој градежен објект што има покрив и четири самостојни ѕидови кои се протегаат од земјата до покривот и еден или повеќе влезови (со еден или повеќе куќни броеви), а е изградена за во неа да се живее, да се врши некоја дејност или да се чуваат материјални добра.

Становите може да бидат класифицирани и според видот на зградата во која се наоѓаат. Зградата која содржи конвенционални станови е важна индиректна единица бидејќи карактеристиките на зградата, на пр., видот на зградата и периодот на изградба итн., се важни за карактеристиките на становите во самата зграда.

**<u>Прашање: Вид на живеалиште</u>**

Одговор се дава со избор на еден од модалитетите:

- **<u>Станбена зграда</u>** е зграда која има еден или повеќе станови и заеднички куќен број, во која 50 % или повеќе од нејзината вкупна површина е наменета за станбени цели, односно за домување. Станбена зграда е и зграда која има и деловни и други нестанбени простории, а становите зафаќаат поголема површина на зградата.
- **<u>Нестанбена зграда</u>** е зграда во која нема конвенционални станови или во која помалку од 50 % од нејзината вкупна површина се наменети за станбени цели, односно за домување.
- **<u>Зграда за колективно живеење</u>** е објект што е проектиран за живеење на поголема група лица или неколку домаќинства и кој се користи како вообичаено место за живеење на минимум едно лице за време на Пописот.
  Оваа категорија ги опфаќа хотелите, бунгаловите, камповите и институциите за трајно сместување на лица кои ги користат заеднички просториите како што се кујна, бањи, спални соби и сл; понатаму ги опфаќа болниците, санаториумите и домовите за рехабилитација, студентските домови, манастирите, затворите, војничките или полициските бараки и поправните домови.
- **<u>Друга населена просторија</u>** е одговор ако зградата не спаѓа во ниеден од трите понудени модалитети.

**10.11 Катност на зградата**

Катноста на зградата се смета од првиот кат и нагоре (вклучувајќи го првиот кат), додека приземјето, мезанинот, сутеренот, визбата и мансардата (поткровјето), не се сметаат за катови на зградата, односно не се вбројуваат во катноста на зградата.

Се препорачува примена на следнава класификација на бројот на катовите во зградата:

(1.0) 1 кат
(2.0) 2 ката
(3.0) 3 ката
(4.0) 4 ката
(5.0) 5-9 ката
(6.0) 10-19 ката
(7.0) 20 ката и повеќе.

**10.12 Станови според периодот на изградба**

Периодот на изградба се мери според датумот кога зградата е завршена.

**Прашање: Година на изградба на зградата**

Податок за годината на изградба на зградата е годината кога зградата е изградена, односно завршена, а за објектите кои се санирани или претрпеле поголеми градежни промени, се внесува годината кога се завршени градежните активности.

Ако во една зграда становите се изградени, доградени или реконструирани во различни периоди, тогаш овој податок ќе биде различен за секој стан посебно.

За завршен стан кој се наоѓа во незавршена зграда, се впишува годината на завршување на изградбата на тој стан.

Ако на зградата е извршена санација или адаптација, треба да се наведе периодот кога е изградена основната зграда, но ако се извршени поголеми реконструкции со кои се менува конструктивниот систем на зградата, тогаш треба да се наведе периодот на реконструкцијата.

**10.13 Материјал од кој е изграден носечкиот систем на зградата**

На ова прашање се дава одговор единствено за материјалот кој е претежно употребен при изградбата на носечкиот систем на зградата.

Носечкиот систем на зградата е, всушност, елемент/елементи на една зграда кои може да бидат различни, односно зградата може да има носечки ѕидови (попречни, подолжни или само надворешни носечки ѕидови), да има скелетен конструктивен систем (греди и столбови) и рамковна конструкција или друг вид носечка конструкција.

Материјалот од кој е изграден носечкиот систем на една зграда може да биде најразличен, но градежните материјали наведени во модалитетите од 1 до 6 се сметаат за цврсти градежни материјали, додека градежните материјали наведени во модалитетот 7 (керпич, плитар, набој, штици и др.) се сметаат за слаби градежни материјали и најчесто се јавуваат кај постарите згради.

Бетон и армиран бетон и челик (скелетната и рамковната конструкција) е систем на градба кај кој товарот од целата зграда на теренот се пренесува преку армирани греди и столбови и овој одговор ќе се евидентира кај сите поголеми станбени згради, додека кај индивидуалните станбени објекти сопственикот ќе се праша за носечкиот систем на зградата иако, вообичаено, поновите објекти (по 1990 година) редовно се изградени со скелетна конструкција.

Вообичаено, масивниот систем на градба, кај кој товарот од целата зграда на теренот се пренесува преку ѕидовите, може да биде од: бетонски блокови, тули, камен и монтажни дрвени панели (цврсти градежни материјали).

Одговорот се избира од еден од понудените модалитети.

1. Бетон и армиран бетон
2. Челик
3. Бетонски блокови
4. Тули
5. Камен
6. Монтажни дрвени панели
7. Слаб градежен материјал

**10.14 Дали зградата има енергетски ефикасна фасада**

1. Да
2. Не

**10.15 Дали зградата има лифт**

Се препорачува да се прибираат информации за присуство на лифт кој е во употреба/функција кај зградите со повеќе катови. Информациите не треба да се ограничат само на присуството на лифт, туку и дали тој лифт е во функција во поголемиот дел од времето и дали се одржува редовно.

**10.16 Дали зградата има пристап за лица со посебни потреби**

Овој белег се однесува на начинот на пристап на станарите до зградата или станот, а особено на пристапноста до станот за лицата со инвалидитет.

## V ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. Оваа Методологија влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр.23-4/1
4 февруари 2021
Скопје

Д и р е к т о р
Апостол Симовски